СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Понеделник, 30 септември 1963
Скопје
Број 34 Год. XIX

Претплата за 1963 год. изнесува 1.800 дин. Овој број чини 64 дин. Жиро сметка број 802—11/1—698.

243.

На основа член 21 став 1 од Правилникот за испитите на службениците на установите во областа на културата („Службен весник на НРМ“ бр. 10/63), Секретаријатот на Советот за култура на НРМ пропишува

ПРОГРАМА
ЗА СТРУЧНИОТ ИСПИТ НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ НА УСТАНОВИТЕ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

I

Програмата за стручниот испит на службениците на установите во областа на културата се состои од општ и посебен дел и се однесува на службениците во звањата: 1) помошен препаратор, препаратор, конзерватор-техничар, конзерватор и кустос; 2) библиотечен манипулант, книжничар и библиотекар и 3) архивски манипулант, архивски помошник и архивист.

II

Програмата на Општиот дел на стручниот испит на службениците на установите во областа на културата опфаќа:

За службениците од I, II и III врста

1. ОПШТЕСТВЕНО И ПОЛИТИЧКО УРЕДУВАЊЕ на СФРЈ

а) Основни карактеристики на општествено-политичкиот систем и државното устројство на стара Југославија

Создавање на стара Југославија.

Основни карактеристики на стара Југославија како држава.

б) Создавањето на нова Југославија

Фактори што ја условиле пропаста на стара Југославија и вооружената борба на југословенските народи.

Карактерот и специфичностите на Револуцијата во Југославија.

Причини за создавањето, основни карактеристики и задачи на народно-ослободителните одбори.

Прописи на Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ за народноослободителните одбори.

Прво заседание на АВНОЈ и неговото значење за новата државна организација.

Второ заседание на АВНОЈ, акти донесени на Второто заседание на АВНОЈ, значење на Второто заседание на АВНОЈ.

Развојот на новата југословенска држава од Второто до Третото заседание на АВНОЈ.

Трето заседание на АВНОЈ и Привремената народна скупштина.

Прогласување на Федеративна Народна Република Југославија и донесување на Уставот на ФНРЈ од 1946 година.

в) Уставен развиток на Југославија во периодот од донесувањето на Уставот на ФНРЈ до донесувањето на Уставот на СФРЈ

Основна структура на власта во Југославија според Сојузниот и републичките устави од 1946 година и 1947 година.

Општествено-политичкиот развиток и измените во структурата на власта во времето од донесувањето на првиот сојузен Устав до донесувањето на Уставните закони од 1953 година.

Основни карактеристики на сојузниот Уставен закон од 1953 година.

Основни карактеристики на републичките Уставни закони од 1953 година.

Општествено-политичкиот развиток во времето од донесувањето на Уставните закони од 1953 година до донесувањето на Уставот на СФРЈ. Причина за донесување на нов сојузен и нови републички устави.

г) Основи на општествено-економското уредување на Југославија

Слободно здружениот труд со средствата за производство во општествена сопственост; суштина на општествената сопственост врз средствата за производство; други видови на сопственост во Југославија.

Самоуправување на работните луѓе во работните организации и општествената заедница.

д) Основи на општествено-политичкиот систем

Сувереност на работниот народ.

Власта на работниот народ и општественото самоуправување.

Самоуправувањето на граѓаните во општината како политичка основа на единствениот општествено-политички систем.

Собраниски систем на управување.

Претставнички и непосредни форми на вршење на власта и управување со општествените работи (собири на избирачи, референдум и др.).

Други уставни начела на општествено-политичкиот систем (начело на лична одговорност на носителите на општествени функции, начело на јавност, општествен надзор).

ѓ) Слободи, права и должности на човекот и граѓанинот во Југославија

Слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Должностите на граѓаните.

е) Федеративно уредување

Поим на федеративна држава.

Принципи на федеративно уредување на Југославија.

ж) Уставност и законитост

Значење на уставноста и законитоста.

Суштина на принципите уставност и законитост. Средства за заштита на уставноста и законитоста.

з) Изборен систем

Избор на членовите на општинските и околиските собранија.

Избор на пратеници на републичките и покраинските собранија; избор на сојузни пратеници.

и) Организација на Федерацијата

Сојузна скупштина: положба и надлежност; акти, состав и односи помеѓу соборите; Собор на народите.

Претседател на Републиката, Совет на Федерацијата.

Политичко-извршни и управни органи на Сојузната скупштина.

Сојузен извршен совет: положба, состав, избор, мандат, надлежност, начин на работа и акти.

Сојузна управа: функции, структура и акти.

ј) Организација на социјалистичките републики

Републичко собрание: положба, надлежност, акти, состав и однос помеѓу соборите.

Републички извршен совет: положба, состав, избор, мандат, надлежност, начин на работа и акти.

Републичка управа: функции, структура и акти.

к) Организација на автономните покраини

Собранија на автономните покраини: положба, надлежност, акти, состав и однос помеѓу соборите.

Покраински извршен совет: положба, состав избор, мандат, надлежност, начин на работа и акти.

Покраинска управа: функции, структура и акти.

л) Организација на општините и околиите

Општински и околиски собранија.

Органи на општинските и околиските собранија.

љ) Правосуден систем

Судови: редовни судови; стопански судови; воени судови.

Јавно обвинителство.

м) Уставно судство

Уставен суд на Југославија: положба, состав, надлежност и овластувања.

Републички уставен суд: положба, состав, надлежност, овластувања.

н) Народна одбрана и Југословенска народна армија.

Народна одбрана: задачи и организација. Совет на народната одбрана.

Југословенска народна армија: задачи; Врховен командант.

2 УПРАВУВАЊЕ ВО ОПШТЕСТВЕНИТЕ СЛУЖБИ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА УПРАВУВАЊЕТО ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И ФИНАНСИРАЊЕТО ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

а) Основни белези и содржина на самоуправувањето на работните луѓе во општествените служби

Поим на општествено управување, содржина и обем на самоуправувањето на работните луѓе во работните организации во областа на општествените служби.

Самоуправувањето на работните луѓе во општествените служби како одраз и израз на општествениот карактер и функција на образованието и воспитувањето, грижата за здравјето, културните и социјалните прашања.

Носители на самоуправувањето во општествените служби (работен колектив — заедница, корисници, претставници на заинтересираните установи, организации итн.). Самоуправувањето на работните луѓе во работата и учеството на заинтересираните граѓани и претставници на заинтересираните организации во управувањето со работата на работните организации во областа на општествените служби.

Воведување и развиток на самоуправувањето на работните луѓе во општествените служби.

Уставни гаранции на самоуправувањето на работните луѓе во општествените служби.

б) Поим и својства на самостојна установа

Поим и положба на самостојните установи.

Самостојност на установите на општествените служби, посебно за „стручната автономија" на установите.

Основање и престанок на установите.

Правата и обврските на основачот спрема установите.

в) Видови, формирање и положба на органите на управувањето во самостојните установи

Поделба на органите на управувањето и нивното место во системот на самоуправувањето со установата (колегијален и индивидуален орган — совет, управен одбор и директор).

Начин на формирањето на колегијалните органи на управувањето (именување, избор, делегирање и сл.).

Траење на мандатот, облици и средства на престанок на мандатот и пред истекот на мандатниот период (разрешување, отповикување).

Положба и одговорност на членовите на органите на управувањето.

Посебни стручни тела во самостојните установи (колегиуми, стручни совети, уметнички совети и сл.).

г) Функции и овластувања на органите на управувањето во самостојните установи

Начела за распределбата на работите и овластувањата помеѓу органите на управувањето.

Функции и делокруг на советот, однос спрема управниот одбор и директор.

Функции и делокруг на управниот одбор, однос спрема советот и директорот.

Функции и овластувања на директорот (особено раководењето со работите на установата), однос спрема советот и управниот одбор.

Карактеристики и специфичности на функциите и овластувањата на органите на управувањето во самостојните установи.

д) Акти на органите на управувањето на самостојните установи

Општа поделба на актите на органите на управувањето.

Статут на установата (поим, карактер и содржина).

Правилници за распределба на личниот доход и за работните односи (карактер и содржина).

Куќен ред (поим и содржина).

Постапка за донесување на општите акти.

Создавање на „самоуправни норми".

ѓ) Посебни форми на општествено самоуправување

Органи на управувањето формирани врз принципот на заедница на интересите (Заводи за социјално осигурување, управување со станбените згради и сл.).

Посебни органи на управување во стопанските организации што вршат културно-просветна дејност (издавачки совети, филмски совети и сл.).

е) Финансирањето на самостојните установи

Општи принципи на финансирањето на самостојните установи.

Формирањето на приходите и нивната распределба.

Финансиски инструменти (финансиски план, завршна сметка).

Правен и општествен надзор над финансиското работење на установите.

Општи принципи на распределбата на личниот доход во установите.

ж) Автономно поврзување на самостојните установи

Поим и основни принципи.

Форми на остварувањето на автономното поврзување (совети, заедници, заводи и сл.).

з) Надзор и општествено усмерување на работата на самостојните установи

Основни принципи.

Надзор на државните органи над законитоста на работата на самостојните установи: обем на надзорните овластувања на државните органи; видови на надзор над законитоста на работата на самостојните установи, посебно за надзорот на инспекциските органи; заштита на правата на установите.

Општествен надзор: значение и поим на општествениот надзор; носители на општествениот надзор; средства и постапка на вршењето на општествениот надзор.

Социјалистичкиот сојуз на работниот народ во вршењето на општествениот надзор и усмерувањето на работата на самостојните установи.

3. ЗАКОН ЗА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ И ПРВИОТ ДЕЛ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

а) Закон за јавните службеници

Јавен службеник — поим.

Комисии за службенички работи (сојузна, републичка, околиски и општински) — состав и надлежности.

Разврстување на службеници.

Засновање на службенички однос.

Овластувања и должности на службеникот.

Плати и надоместоци (патни и селидбени трошоци, теренски додаток, надоместок за одвоен живот).

Одговорност на службеникот (кривична, дисциплинска и материјална).

Дисциплинска одговорност за неуредности и престапи. Дисциплинска постапка. Отстранување од служба.

Престанок на службата (по спогодба, отказ, сила на законот, пресуда на дисциплинскиот суд).

Ставање на располагање.

Службеници на установи во областа на културата — звања, испити, оценување, напредување.

б) Закон за работните односи — прв дел

Работен однос — поим и начела.

Основни права и должности (личен доход, одмори и отсуства, здравствена заштита, хигиенотехничка заштита, посебно заштита на жените и инвалидите, права за време на незапосленост).

Работна книшка.

4. ОСНОВНИ ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Општи карактеристики на нашето социјално осигурување.

Здравствено осигурување: осигурени личности; содржина на здравната заштита; надоместок место плата за време привремена неспособност за работа; права во случај на бременост и породување; надоместок и помош во случај на смрт; остварување правата на здравна заштита.

Инвалидско осигурување: поим; осигурени лица; права.

Пензиско осигурување: лична пензија, видови, услови за стекнување, видови стажови за стекнување пензија, пензиски основ, заштитен додаток, семејна пензија — кој има право на неа, одредување основи и висина, користење и губење правото за пензија.

Детски додаток (општо).

Организација на службата за социјално осигурување (општо).

5. ОСНОВИ НА КАНЦЕЛАРИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Основни знаења, и тоа:

општи поими — акт, прилог, предмет, досие, фасцикла, писарница и архива.

Прием на пошта. Отворање и преглед на пошта. Разгледување (сигнирање) на пошта. Заведување на акти (деловодник, регистар). Доставување на акти за работа (интерна доставна книга). Административно-техничка обработка на акти. Враќање на предмети во писарница. Роковник на предмети. Архивирање и чување на предмети.

За службениците од IV врста

1. ОПШТЕСТВЕНО И ПОЛИТИЧКО УРЕДУВАЊЕ НА СФРЈ

а) Создавање на нова Југославија

Карактерот и специфичностите на Револуцијата во Југославија.

Причини за создавањето, основните карактеристики и задачи на Народно-ослободителните одбори.

Прописи на Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ за Народноослободителните одбори.

I Заседание на АВНОЈ.

II Заседание на АВНОЈ; акти донесени на II заседание на АВНОЈ; значење на II-то заседание на АВНОЈ.

Прогласување на Федеративна Народна Република Југославија и донесување на Уставот на ФНРЈ од 1946 година.

б) Уставен развиток на Југославија во периодот од донесувањето на Уставот на ФНРЈ до донесувањето на Уставот на СФРЈ

Основна структура на власта во Југославија според Сојузниот и републичките устави од 1946 и 1947 година.

Општествено-политичкиот развиток и измените во структурата на власта во времето од донесувањето на првиот Сојузен устав до донесувањето на Уставните закони од 1953 година.

Основни карактеристики на Сојузниот и републичките Уставни закони од 1953 година.

в) Основи на општествено-економското уредување во Југославија

Општествена сопственост врз средствата за производство; суштина на општествената сопственост врз средствата за производство.

Самоуправување на работните луѓе во работните организации и општествената заедница.

г) Основи на општествено-политичкиот систем

Власта на работниот народ и општественото самоуправување.

Самоуправувањето на граѓаните во општината како политичка основа на единствениот општествено-политички систем.

Собраниски систем на управување.

д) Слободи, права и должности на човекот и граѓанинот во Југославија.

Слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Должностите на граѓаните.

ѓ) Федеративно уредување

Принципите на федеративното уредување на Југославија.

е) Изборен систем

Избор на одборници на општинските и околиските собранија.

Избор на пратеници на републичките и покраинските собранија.

Избор на сојузни пратеници.

ж) Организација на Федерацијата

Сојузна скупштина: положба и надлежност; акти, состав и односи помеѓу соборите; собор на народите.

Претседател на Републиката. Совет на Федерацијата.

Политичко-извршни и управни органи на Сојузната скупштина: Сојузен извршен совет (положба, состав, избор, мандат, надлежност и акти); Сојузна управа (функции, структура и акти).

з) Организација на социјалистичките републики

Републичко собрание: положба, надлежност, акти, состав и односи помеѓу соборите.

Републички извршен совет: положба, состав, избор, мандат, надлежност и акти.

Републичка управа: функции, структура и акти.

и) Организација на автономните покраини

Собранија на автономните покраини: положба, надлежност, акти, состав и односи помеѓу соборите.

Покраински извршен совет: положба, состав, избор, мандат, надлежност и акти.

Покраинска управа: функции, структура и акти.

ј) Организација на општините и околиите

Општински и околиски собранија.

Органи на општинските и околиските собранија.

к) Правосуден систем

Судови: редовни судови; стопански судови; воени судови.

Јавно обвинителство.

л) Уставно судство

Уставен суд на Југославија: положба, состав, надлежност и овластувања.

Републички уставен суд: положба, состав, надлежност, овластувања.

љ) Народна одбрана и Југословенска народна армија

Народна одбрана: задачи и организација. Совет на народната одбрана.

Југословенска народна армија: задачи; Врховен командант.

2. УПРАВУВАЊЕ ВО ОПШТЕСТВЕНИТЕ СЛУЖБИ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА УПРАВУВАЊЕТО ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И ФИНАНСИРАЊЕТО НА УСТАНОВИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

Поим на општественото управување, содржина и обем на самоуправувањето на работните луѓе во областа на општествените служби.

Поим и својства на самостојната установа (положба на самостојната установа, основање и престанок на установата, права и обврски на основачот спрема установата).

Видови, формирање и положба на органите на управувањето на самостојните установи (поделба на органите на управувањето, начин на формирањето на совет и управен одбор, положба и одговорност на членовите на органите на управувањето).

Функции и овластувања на органите на управувањето на самостојните установи (распределба на работите и овластувањата помеѓу органите на управувањето, функции и делокруг на советот, управниот одбор и директорот, меѓусобни односи на органите на управувањето преку распределбата на работите и овластувањата).

Акти на органите на управувањето на самостојните установи (поделба на актите — посебно за статутот, правилниците за распределба на личниот доход и работните односи и куќниот ред).

Посебни видови на општествено самоуправување (посебни органи на управувањето во стопанските организации што вршат културно-просветна дејност — издавачки совет, филмски совет и сл.).

Посебни стручни тела во самостојните установи (колегиум, стручен совет, уметнички совет и сл.).

Финансирање на самостојните установи (начела на финансирањето на самостојните установи, финансиски план и завршна сметка, распределба на личниот доход во установите).

Надзор на државните органи над законитоста на работата на самостојните установи (видови на надзор и обем на надзорните овластувања на државните органи).

Општествен надзор над работата на самостојните установи (значење на општествениот надзор, носители и средства и постапка на вршењето на општествениот надзор).

3. ЗАКОН ЗА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ И ПРВИОТ ДЕЛ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

а) Закон за јавните службеници

Засновање на службенички однос; разврстување на јавни службеници.

Овластувања и должности на службениците; плати и надоместоци; работно време; одмори и отсуства.

Одговорност на службениците (кривична, дисциплинска и материјална).

Дисциплинска одговорност за неуредности и престапи. Дисциплинска постапка. Отстранување од служба. Престанок на служба.

Службеници на установите од областа на културата: звања, испити, напредување.

б) Закон за работните односи — прв дел

Основни права; одмори и отсуства; заштита на жената; права за време на незапосленост.

4. ОСНОВНИ ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Здравствено осигурување: содржина на здравната заштита. Надоместок место плата за време на привремена неспособност за работа; права во случај на бременост и породување; надоместок и помош во случај на смрт.

Инвалидско осигурување: поим; осигурани лица и права.

Пензиско осигурување: лична пензија, видови, услови за стекнување пензиски основ, семејна пензија (општо).

Детски додаток (општо).

5. ОСНОВИ НА КАНЦЕЛАРИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Исто како и за службениците од I, II и III врста.

III

Програмата на Посебниот дел на стручниот испит за звањето помошен препаратор опфаќа:

1. МЕТОДИ ЗА ПРЕПАРАЦИЈА И КОНЗЕРВАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ

Чистење на објекти.

Приготвување препарати и ракување со помагала за препарирање и конзервирање.

Изведување едноставни зафати при препарирање и конзервирање на објекти.

2. ПРОПИСИ ЗА МУЗЕЈСКИТЕ УСТАНОВИ И ПРОПИСИ ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА ОДНОСНО ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ

Основно познавање на:

а) Прописите за музејските установи

Закон за музејските установи, Правилник за условите за основање на музејски установи, Правилник за регистрација на музејските установи, Правилник за начинот на водење книги, инвентар и картотека во музејските установи и др. и

б) Прописите за заштита на спомениците на културата

Закон за заштита на спомениците на културата и др., односно

в) Прописите за заштита на природните реткости

Закон за заштита на природните реткости и др.

IV

Програмата на посебниот дел на стручниот испит опфаќа:

За звањето препаратор

1. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА МУЗЕОЛОГИЈАТА

Основно познавање на општествената улога и задачите на музејските установи.

Организација и задачи на музејските работилници за препарирање и конзервирање.

Евиденција на состојбата на објектите и извршените работи.

2. МЕТОДИ ЗА ПРЕПАРАЦИЈА И КОНЗЕРВАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ

Познавање стручна литература за современите методи за препарирање и конзервирање.

Примена на методите за препарирање и конзервирање со оглед на специфичноста на музејскиот фонд на установата во која работи кандидатот.

Детално објаснување на постапките што треба да се изведат при препарирањето односно конзервирањето на одреден даден објект со евентуална практична примена со демонстрација од дел на процесот за конзервирање односно препарирање на даден објект.

3. ОСНОВНИ ЗНАЕЊА ЗА КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИТЕ, ПРИРОДНИТЕ ОДНОСНО ТЕХНИЧКИТЕ НАУКИ НА ПОТЕСНАТА СПЕЦИЈАЛНОСТ НА СЛУЖБЕНИКОТ

Основно познавање на избрани поглавја на соодветна наука од посебна важност за установата во која работи службеникот.

4. ПРОПИСИ ЗА МУЗЕЈСКИТЕ УСТАНОВИ И ПРОПИСИ ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА ОДНОСНО ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ

Детално познавање на:

а) Прописите за музејските установи

Закон за музејските установи, Правилник за условите за основање на музејски установи, Правилник за регистрација на музејските установи, Правилник за начинот на водење книги, инвентар и картотека во музејските установи и др. и

б) Прописите за заштита на спомениците на културата

Закон за заштита на спомениците на културата и др., односно

в) Прописите за заштита на природните реткости

Закон за заштита на природните реткости и др., како и основно познавање на другите прописи што се однесуваат на природните реткости (Законот за шумите, Законот за ловот, Законите за националните паркови во Републиката и др.).

За звањето конзерватор — техничар

1. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА ИЛИ НА ЗАШТИТАТА НА ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ

Основно познавање општествената улога и задачи на службата за заштита на спомениците на културата или општествената улога, задачите и стопанското значење на службата за заштита на природните реткости.

Познавање организацијата и задачите на заводските работилници за конзервирање и препарирање и општо познавање водењето евиденција на оштетените објекти и извршените работи, или општо познавање водењето регистар, евиденција и документација на спомениците на културата односно природните реткости.

2. МЕТОДИ ЗА ПРЕПАРАЦИЈА И КОНЗЕРВАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ

Познавање стручна литература за современите методи за конзервирање и реставрирање или за методите за регенерација на природните реткости и пејсажи, потоа конзервација на поодделни природни реткости, во делокругот на дејноста на конзерваторот техничар.

Примена на соодветните методи со оглед на специфичноста на објектите во надлежност на заводот во кој работи службеникот.

Детално објаснување постапките што треба да се изведат при конзервирањето, односно реставрирањето или регенерацијата односно конзервирањето на одреден даден објект.

3. ОСНОВНИ ЗНАЕЊА ЗА КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИТЕ, ПРИРОДНИТЕ ОДНОСНО ТЕХНИЧКИТЕ НАУКИ НА ПОТЕСНАТА СПЕЦИЈАЛНОСТ НА СЛУЖБЕНИКОТ

Основно познавање на одбрани поглавја на соодветната наука од особена важност за установата во која работи службеникот.

4. ПРОПИСИ ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА ОДНОСНО ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ

Детално познавање на:

а) Прописите за заштита на спомениците на културата

Закон за заштита на спомениците на културата и др., односно

б) Прописите за заштита на природните реткости

Закон за заштита на природните реткости и др., како и основно познавање на другите прописи што се однесуваат на природните реткости (Законот за шумите, Законот за ловот, Законите за националните паркови во Републиката и др.).

V

Програмата на посебниот дел на стручниот испит за звањето конзерватор и кустос опфаќа општи знаења и знаења на потесната специјалност на службеникот.

VI

Програмата на општите знаења на посебниот дел на стручниот испит опфаќа

За звањето конзерватор:

1. МУЗЕОЛОГИЈА И СТРУЧНА И ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И НА КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ РАБОТИ, ВАЛОРИЗАЦИЈА, РЕГИСТРАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И НА ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ

Детални знаења за водење досиеја на спомениците на културата или природните реткости, досиеја на заштитните зафати, регистар на спомениците на културата, односно на природните реткости.

Методи и техника на присобирање и средување евидентни податоци.

Основни принципи на музеологијата од аспектот на службата за заштита на спомениците на културата односно за заштита на природните реткости.

2. ПРИНЦИПИ НА ТЕХНИЧКАТА КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА, ХЕМИСКИ И ДРУГИ ПРИНЦИПИ ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И НА ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ

Општи познавања на принципите и методите за работата на конзервирањето и реставрирањето на спомениците на културата или општи познавања на принципите и методите за работата на регенерирањето на природните реткости и конзервирањето на природните реткости.

3. ПОЗНАВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ И ТЕХНИКАТА НА ОБРАБОТКАТА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ ОД ПОТЕСНАТА СПЕЦИЈАЛНОСТ НА СЛУЖБЕНИКОТ

Основни методи за одредување соодветни материјали, развиток на соодветните техники или основни методи во одредување систематски припадности на животните односно билките, каменот, рудата и фосилите.

4. ПОЗНАВАЊЕ НА ПРОПИСИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА ОДНОСНО ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ, НА ПРОПИСИТЕ ЗА МУЗЕЈСКИТЕ УСТАНОВИ И НА МЕЃУНАРОДНИТЕ КОНВЕНЦИИ ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА ОДНОСНО НА ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РАБОТИТЕ ОД ПОТЕСНАТА СПЕЦИЈАЛНОСТ НА СЛУЖБЕНИКОТ

Детално познавање на:

а) Прописите за заштита на спомениците на културата

Закон за заштита на спомениците на културата и др., односно на

б) Прописите за заштита на природните реткости

Закон за заштита на природните реткости и др., како и основно познавање на другите прописи што се однесуваат и на природните реткости (Законот за шумите, Законот за ловот, Законите за националните паркови во Републиката и др.);

в) Прописите за музејските установи

Закон за музејските установи, Правилник за условите за основање музејски установи, Правилник за регистрација на музејските установи, Правилник за начинот на водење книги, инвентар и картотека во музејските установи и др.

Основно познавање на:

а) Меѓународните конвенции за заштита на спомениците на културата односно на природните реткости

Конвенција за заштита на културните добра во случај на вооружени судирања, Правилник за извршување на Конвенцијата за заштита на културните добра во случај на вооружени судирања.

5. ЕДЕН СТРАНСКИ ЈАЗИК (ФРАНЦУСКИ, АНГЛИСКИ, РУСКИ, ГЕРМАНСКИ ИЛИ ИТАЛИЈАНСКИ) — ПО ИЗБОР НА КАНДИДАТОТ

Читање, превод и анализа на стручен текст. Конверзација.

За звањето к у с т о с

1. МУЗЕОЛОГИЈА И СТРУЧНА И ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ РАБОТИ, ВАЛОРИЗАЦИЈА, РЕГИСТРАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ

Општа музеологија со посебен осврт на општествената улога и задачите на музејските установи, историја за развитокот на музеите во Југославија и во светот, општа типологија на музеите, регистрација и евиденција на музејските фондови, функционална организација на музејскиот простор, општи начела на музејската експозиција и методи за работа со школската младина со оглед на возраста на учениците и специфичноста на школото, потоа методи за работа со останатите категории посетители според степенот на образованието и посебните интереси.

2. ПРИНЦИПИ НА ТЕХНИЧКАТА КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА, ХЕМИСКИ И ДРУГИ ПРИНЦИПИ ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА ОДНОСНО ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ

Познавање на општите принципи за техничка заштита на спомениците на културата односно природните реткости.

3. ПОЗНАВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ И ТЕХНИКАТА НА ОБРАБОТКАТА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ ОД ПОТЕСНАТА СПЕЦИЈАЛНОСТ НА СЛУЖБЕНИКОТ

Основни методи за одредување материјалот на соодветните споменици на културата, историја за употреба на соодветните материјали и развој на соодветните техники за обработка или основни методи за одредување систематска (таксономичка) припадност на животните односно билките, камењата, рудата, фосилите, потоа принципи за систематска детерминација според потребата на установата во која работи службеникот.

4. ПОЗНАВАЊЕ НА ПРОПИСИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА ОДНОСНО ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ. НА ПРОПИСИТЕ ЗА МУЗЕЈСКИТЕ УСТАНОВИ И НА МЕЃУНАРОДНИТЕ КОНВЕНЦИИ ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА ОДНОСНО НА ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РАБОТИТЕ ОД ПОТЕСНАТА СПЕЦИЈАЛНОСТ НА СЛУЖБЕНИКОТ

Исто како и за звањето к о н з е р в а т о р.

5. ЕДЕН СТРАНСКИ ЈАЗИК (ФРАНЦУСКИ, АНГЛИСКИ, РУСКИ, ГЕРМАНСКИ ИЛИ ИТАЛИЈАНСКИ) — ПО ИЗБОР НА КАНДИДАТОТ

Исто како и за звањето к о н з е р в а т о р.

VII

Програмата на знаењата на потесната специјалност на посебниот дел на стручниот испит за звањето к о н з е р в а т о р, со оглед на работите што ги врши службеникот, опфаќа:

а) за архитектура:

1. ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРАТА И НА УРБАНИЗМОТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ЈУГОСЛАВИЈА, СО ПОЗНАВАЊЕ НА ВОЕНАТА, САКРАЛНАТА ИЛИ ПРОФАНАТА АРХИТЕКТУРА

Општо познавање историјата на архитектурата, урбанизмот и руризмот на територијата на Југославија, со детално познавање на воената, сакралната или профаната архитектура — со посебен осврт на историјатот на градежните конструкции.

2. РАЗВИТОК И ПРИНЦИПИ НА КОНЗЕРВАЦИЈАТА, РЕСТАВРАЦИЈАТА, АДАПТАЦИЈАТА И ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА НА АРХИТЕКТОНСКИТЕ СПОМЕНИЦИ И НА СПОМЕНИЧНИТЕ КОМПЛЕКСИ ВО ЈУГОСЛАВИЈА И ВО СВЕТОТ

Познавање развитокот и принципите на конзервацијата и реставрацијата на архитектонските споменици и комплексите од романтичниот (Виоле-Дук), биолошкиот (Дворак, Ригл), до современите методи за презентација на поодделните архитектонски споменици и урбанистички амбиенти од споменичко значење.

Познавање на најзначајните примери за сите наведени етапи во развитокот на овие принципи.

Детално познавање развитокот на принципите на конзервацијата, реставрацијата, адаптацијата

односно презентацијата на архитектонските споменици и урбанистички комплекси на подрачјето на Македонија.

Проблеми на заштита на архитектонските споменици за време на војна.

Проблеми на заштита на архитектонски споменици оштетени и настанати во војна.

3. ТЕХНИКА НА КОНЗЕРВАЦИЈАТА НА АРХИТЕКТОНСКИТЕ СПОМЕНИЦИ НА КУЛТУРАТА

Детално објаснување на постапките при изработката на архитектонска снимка на објектите, обележување и опис на оштетувањата, изработка на идејното решение со оглед на евентуалната нова намена на објектот и изведбениот нацрт според идејното решение 1 : 50 и потребни занатски детали.

Детален технички опис на работите, што треба да ги содржи конзерваторската постапка.

Изработка на предмер и претсметка.

б) За сликарство, скулпторство и за други видови на техничка заштита

1. КОНЗЕРВАТОРСКА ОБРАБОТКА НА СПОМЕНИЧКИТЕ МАТЕРИЈАЛИ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ПОТЕСНАТА СПЕЦИЈАЛНОСТ НА СЛУЖБЕНИКОТ

Присобирање потребна технолошка документација што и претходи на самата конзерваторска, односно реставраторска работа. Снаоѓање во таа документација.

Објаснување на конзерваторскиот односно реставраторскиот зафат на работен објект, што произлегува од технолошката документација, од принципот на конзервирањето односно реставрирањето, како и од естетскиот критериум во смисла на презентација односно реинтеграција на уметничкото дело.

2. ПРИНЦИПИ НА КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ИСПИТУВАЊА И ПРИНЦИПИ НА КОНЗЕРВАЦИЈАТА, РЕСТАВРАЦИЈАТА И ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА НА СПОМЕНИЧКИТЕ ОБЈЕКТИ ОД ПОТЕСНАТА СПЕЦИЈАЛНОСТ НА СЛУЖБЕНИКОТ

Детално познавање развитокот на принципите на конзервацијата, реставрацијата и презентацијата на спомениците на културата во земјите со развиена конзерваторска и реставраторска служба. Познавање развитокот на овие принципи и извршените значајни работи на територијата на Југославија, со посебен осврт за Македонија.

3. ПОЗНАВАЊЕ НА ОПШТАТА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТИТЕ И ИСТОРИЈАТА НА УМЕТНОСТИТЕ НА НАРОДИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ПОТЕСНАТА СПЕЦИЈАЛНОСТ НА СЛУЖБЕНИКОТ

Познавање избрани поглавја од општата историја на уметноста и историјата на уметноста на народите на Југославија со детално познавање на соодветните поглавја од историјата на уметноста на Македонија, а во рамките на посебните потреби на установата во врска со потесната специјалност на службата.

в) За физика, хемија и технологија

1. ОПШТИ ПРИНЦИПИ ЗА ИСПИТУВАЊЕТО, КОНЗЕРВАЦИЈАТА, РЕСТАВРАЦИЈАТА И ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА

Принципи за испитување на споменичките објекти (земање предмер, правење пресек, начин на анализирањето на предмерот, методи на недеструктивното испитување).

Општи принципи на конзервацијата, реставрацијата и презентацијата на спомениците на културата, со посебен осврт на техничките барања и последици во поглед на чувањето на материјалот при примената на овие принципи.

2. МЕТОДИ НА КОНЗЕРВАЦИЈАТА И РЕСТАВРАЦИЈАТА, СО ТЕОРИСКО И ПРАКТИЧНО ПОЗНАВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ ПРОЦЕС

Познавање методите и средствата на конзервацијата и реставрацијата на материјалот од споменичките објекти, со теориско и практично познавање на нивната примена, добрите и лошите страни, промените и стареењето. Детално познавање на овие методи и средства во областа на дејноста на службеникот.

3. МЕТОДИ НА ИСПИТУВАЊЕТО И ПОЗНАВАЊЕТО НА СООДВЕТНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ И ПРОМЕНИ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ЈАВАТ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ

Методи за испитување и познавање на материјалот од споменичките објекти, неговиот состав и особините на неговите промени и причините на тие промени, посебно детално за потесната област на дејноста на службеникот.

г) За археологија

1. ИСТОРИЈА НА КОНЗЕРВАЦИЈАТА И РЕСТАВРАЦИЈАТА НА АРХЕОЛОШКИТЕ МАТЕРИЈАЛИ И ОБЈЕКТИ ВО ЈУГОСЛАВИЈА И ВО СВЕТОТ

Познавање развитокот на конзервацијата и реставрацијата на археолошките материјали и објекти од почетокот на систематските ископувања до денес. Позначителни примери во светот и во Југославија.

Детално познавање развитокот на конзервирањето, реставрирањето односно презентирањето на археолошките материјали и објекти на територијата на Македонија.

2. ЗАПОЗНАВАЊЕ НА АРХЕОЛОШКИТЕ СПОМЕНИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ, НИВНИТЕ СПЕЦИФИЧНОСТИ И ЗАПАЗЕНОСТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ДЕЈНОСТА НА УСТАНОВАТА ВО КОЈА РАБОТИ СЛУЖБЕНИКОТ

Детално познавање на археолошкиот споменички материјал, неговите специфичности и запаженост на подрачјето на дејноста на установата во која работи службеникот.

3. ПРИНЦИПИ НА КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ИСПИТУВАЊА И ПРИНЦИПИ НА КОНЗЕРВАЦИЈАТА, РЕСТАВРАЦИЈАТА И ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА НА АРХЕОЛОШКИТЕ ПРЕДМЕТИ И ОБЈЕКТИ

Детално запознавање на конзерваторските испитувања и принципи на конзервирањето и реставрирањето на презентацијата на археолошките споменици и објекти.

Проблеми на заштита на археолошките објекти за време на војна.

д) За историја на уметностите

1. ИСТОРИЈА НА КОНЗЕРВАЦИЈАТА И РЕСТАВРАЦИЈАТА НА УМЕТНИЧКИТЕ СПОМЕНИЦИ ВО ЈУГОСЛАВИЈА И ВО СВЕТОТ

Познавање развитокот на конзервирањето и реставрирањето уметничките споменици од романтичниот (Виоле-Дук), биолошкиот (Дворак, Ригл) до современите методи на презентација на споменичките целини или поодделни објекти. Позна-

вање на најзначителните примери за сите наведени периоди на развитокот.

Детално познавање развитокот на конзервирањето, реставрирањето односно презентацијата на уметничките споменици на територијата на Македонија.

Проблеми на презентацијата на уметничките споменици во врска со големите оштетувања во војната.

2. ПОЗНАВАЊЕ НА УМЕТНИЧКИТЕ СПОМЕНИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ, НИВНИТЕ СПЕЦИФИЧНОСТИ И ЗАПАЗЕНОСТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ДЕЈНОСТА НА УСТАНОВАТА ВО КОЈА РАБОТИ СЛУЖБЕНИКОТ

Детално познавање на уметничкиот материјал, неговите специфичности и запазеност на подрачјето на дејноста на установата во која работи службеникот.

3. ПРИНЦИПИ НА КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ИСПИТУВАЊА И ПРИНЦИПИ НА КОНЗЕРВАЦИЈАТА, РЕСТАВРАЦИЈАТА И ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА

Принципи на технолошката документација на уметничките споменици со употреба на современите методи и средства.

Снаоѓање во собирањето историски податоци за уметничките споменици по пат на испитување архивските документи, старите ликовни прикази, описи и сл.

Познавање принципите за заштита на историските амбиенти, принципите и современите методи и средства за конзервирање и реставрирање на уметничките споменици.

Примена на методиката на историјата на уметноста во практичната работа.

Карактеристика и вреднување на уметничкиот споменик како подлога за презентација односно реинтеграција.

ѓ) За етнологија

1. ИСТОРИЈА НА КОНЗЕРВАЦИЈАТА И РЕСТАВРАЦИЈАТА НА ЕТНОЛОШКИТЕ СПОМЕНИЦИ ВО ЈУГОСЛАВИЈА И ВО СВЕТОТ

Детално познавање развитокот на конзервирањето и реставрирањето на етнолошките предмети и амбиенти. Познавање најзначителните примери во светот и Југославија.

2. ПОЗНАВАЊЕ НА ЕТНОЛОШКИТЕ СПОМЕНИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ, НИВНИТЕ СПЕЦИФИЧНОСТИ И ЗАПАЗЕНОСТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ДЕЈНОСТА НА УСТАНОВАТА ВО КОЈА РАБОТИ СЛУЖБЕНИКОТ

Детално познавање етнолошкиот споменички материјал, неговите специфичности и запазеност на подрачјето на дејноста на установата во која работи службеникот.

3. ПРИНЦИПИ НА КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ИСПИТУВАЊА И ПРИНЦИПИ НА КОНЗЕРВАЦИЈАТА, РЕСТАВРАЦИЈАТА И ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА НА ЕТНОЛОШКИТЕ СПОМЕНИЦИ

Принципи на технолошката документација на етнолошките споменици со употреба на современите методи и средства. Снаоѓање во собирањето историски податоци по пат на архивски документи, ликовни прикази, описи и сл.

Познавање принципот за заштита на руристичките амбиенти, принципите и современите методи и средства за конзервирање и реставрирање на етнолошки споменици.

Примена на методиката на етнологијата во практичната работа.

Карактеристика и вреднување на етнолошките споменици како подлога за презентација.

е) За ориенталистика

1. ИСТОРИЈА НА КОНЗЕРВАЦИЈАТА И РЕСТАВРАЦИЈАТА НА СПОМЕНИЦИТЕ ВО ЈУГОСЛАВИЈА И ВО СВЕТОТ

Детално познавање развитокот на конзервирањето и реставрирањето на ориенталните предмети и амбиенти. Познавање најзначителните примери во светот и во Југославија.

2. ПОЗНАВАЊЕ НА СПОМЕНИЧКИТЕ МАТЕРИЈАЛИ, НИВНАТА СПЕЦИФИЧНОСТ И ЗАПАЗЕНОСТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ДЕЈНОСТА НА УСТАНОВАТА ВО КОЈА РАБОТИ СЛУЖБЕНИКОТ

Детално познавање на ориенталниот споменички материјал, неговите специфичности и запазеност на подрачјето на дејноста на установата во која работи службеникот.

3. ПРИНЦИПИ НА КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ИСПИТУВАЊА И ПРИНЦИПИ НА КОНЗЕРВАЦИЈАТА, РЕСТАВРАЦИЈАТА И ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА

Принципи на технолошката документација на ориенталните споменици со употреба на современи методи и средства.

Карактеристика и вреднување на спомениците како подлога за презентација односно реинтеграција.

4. ОРИЕНТАЛИСТИКА СО ЕПИГРАФИЈА И ПАЛЕОГРАФИЈА, СО ОГЛЕД НА ПОДРАЧЈЕТО НА БАЛКАНОТ

Примена на методиката на ориенталистиката во практичната работа со посебен осврт на палеографските и епиграфските проблеми на спомениците со натписи или записи писани со арапско писмо, а што се наоѓаат на подрачјето на установата во која работи службеникот.

ж) За заштита на природните реткости

1. ИСТОРИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ ВО ЈУГОСЛАВИЈА И ВО СВЕТОТ

Детално познавање развитокот на движењето за заштита на природните реткости во светот и во Југославија.

Познавање најзначителните примери на практично остварување заштитата на природата во светот и во Југославија.

2. ПОЗНАВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ ОБЈЕКТИ, НИВНИТЕ СПЕЦИФИЧНОСТИ И ЗАПАЗЕНОСТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ДЕЈНОСТА НА УСТАНОВАТА ВО КОЈА РАБОТИ СЛУЖБЕНИКОТ

Општо познавање на поважните природни објекти во Југославија и детално познавање природните објекти, нивните специфичности и запазеност на територијата на Македонија.

Познавање методите и средствата за пропаганда на заштитата на природата.

3. ПРИНЦИПИ НА РЕГЕНЕРАЦИЈАТА И КОНЗЕРВАЦИЈАТА НА ПРИРОДНИТЕ ОБЈЕКТИ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ПОТЕСНАТА СПЕЦИЈАЛНОСТ НА СЛУЖБЕНИКОТ (ШУМАРСТВО, БОТАНИКА, ГЕОЛОГИЈА, ГЕОГРАФИЈА И ДР.)

Објаснување и практичните зафати на природниот објект: пронаоѓање, означување и опишување на објектот.

Заштитно уредување на природните објекти во општи линии за сите конзерватори на природата, а детално според потесната специјалност на службеникот.

VIII

Програмата на знаењата на потесната специјалност на посебниот дел на стручниот испит за звањето кустос, со оглед на работите што ги врши службеникот, опфаќа:

1) Специјализирани музејски установи

а) За општествено-историските музеи (историски, археолошки, етнолошки, меморијални и др.)

1. ПРИМЕНА НА МУЗЕОЛОШКИТЕ ПРИНЦИПИ ВО РАБОТАТА НА УСТАНОВАТА ВО КОЈА РАБОТИ СЛУЖБЕНИКОТ

Општествената улога на одреденот вид установа и одредување тематска задача на установата со оглед на проблемите на соодветните науки, потоа просветните и научните задачи на сродните установи.

Начела за собирање и евиденција на специфичниот музејски фонд.

Функционална организација на музејскиот простор на специфичниот вид музејска установа.

Принципи на експозиција со оглед на специфичниот карактер на установата, специфичноста на експонираниот материјал и посебната цел на различните изложби.

Методи и средства за пропаганда и работа со школската младина и другите категории посетители на специфичниот вид општествено-историски музеј.

2. ПОЗНАВАЊЕ НА ИСТОРИСКИТЕ НАУКИ ОДНОСНО ПОГЛАВЈАТА НА ИСТОРИЈАТА ШТО СЕ ВРЗАНИ ЗА РАБОТАТА НА СЛУЖБЕНИКОТ ВО УСТАНОВАТА ОДНОСНО ЗА РАБОТНОТО МЕСТО НА КОЕ РАБОТИ СЛУЖБЕНИКОТ

Градивото на соодветната наука во рамките што одговараат на градивото пропишано за полагање главниот предмет на дипломскиот испит.

Ако кандидатот ја положил соодветната наука на дипломскиот испит како главен предмет, ќе ги полага на стручниот испит специјалните поглавја на соодветната наука врзани за работата на службеникот во установата, а во проширен обем според потребите на установата.

3. ПОЗНАВАЊЕ НА ПОМОШНИТЕ ИСТОРИСКИ НАУКИ ВО ВРСКА СО СПЕЦИФИЧНОСТА НА УСТАНОВАТА ВО КОЈА РАБОТИ СЛУЖБЕНИКОТ

Градивото на соодветните помошни историски науки во врска со специфичната граѓа на установата во која работи службеникот, а во рамките на потребите на установата.

4. МЕТОДИКА И ТЕХНИКА НА ТЕРЕНСКАТА И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА РАБОТА

Евиденција на специфичните споменици на културата на теренот за потребите на соодветната установа (за сите општествено-историски музеи).

Подготвителни работи и документација за теренска работа.

Методи на теренските истражувања и ископувања со оглед на специфичноста на археолошките објекти односно терени.

Принципи и методи на прелиминарна заштита на археолошките споменици на теренот (за археолошките музеи).

Пристапување кон истражувачката проблематика на теренот. Начин на работата во обработката на теренските материјали, потоа во собирањето и аквизицијата на етнографските материјали за музејски цели (за етнографските музеи).

Примена на методиката на соодветната историска наука во практичната работа.

б) За природњачките музеи (природњачки, палеонтолошки, геолошки и др.)

1. ПРИМЕНА НА МУЗЕОЛОШКИТЕ ПРИНЦИПИ ВО РАБОТИТЕ НА УСТАНОВАТА ВО КОЈА РАБОТИ СЛУЖБЕНИКОТ

Општествената улога на одреденот вид установа и одредување тематска задача на установата со оглед на проблемите на соодветните науки, потоа просветните и научните задачи на сродните установи.

Начела за собирање и евиденција на специфичниот музејски фонд.

Принципи за експозиција со оглед на специфичниот карактер на установата, специфичноста на експонираниот материјал и посебната цел на различните изложби.

Методи и средства за пропаганда и работа со школската младина и другите категории посетители на специфичниот вид природњачки музеи.

2. ПОЗНАВАЊЕ НА ГРАНКИТЕ НА ПРИРОДНИТЕ НАУКИ ШТО СЕ ВРЗАНИ ЗА РАБОТАТА НА СЛУЖБЕНИКОТ ВО УСТАНОВАТА ОДНОСНО ЗА НЕГОВОТО РАБОТНО МЕСТО

Градивото на соодветната природна наука во рамките што одговараат на градивото пропишано за полагање главниот предмет на дипломскиот испит.

Ако кандидатот ја положил соодветната природна наука на дипломскиот испит како главен предмет, ќе ги полага на стручниот испит специјалните поглавја на соодветната наука врзани за работата на службеникот во установата, а во проширен обем според потребите на установата.

3. ПОЗНАВАЊЕ НА ПОМОШНИТЕ НАУКИ ВО ВРСКА СО СПЕЦИФИЧНОСТА НА УСТАНОВАТА ВО КОЈА РАБОТИ СЛУЖБЕНИКОТ

Градивото на соодветните помошни природни науки во врска со специфичната граѓа на установата во која работи службеникот а во рамките на потребите на установата.

4. МЕТОДИКА И ТЕХНИКА НА ТЕРЕНСКАТА И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА РАБОТА

Подготвителни работи и документација за теренска работа.

Методи на теренските истражувања, забелешки, собирања, конзервирања и прелиминарно препарирање со оглед на специфичноста на материјалот односно теренот.

Технички средства, инструментарии и останати помагала при техничката работа за специфични цели.

Примена на методиката на соодветната природна наука во практичната работа.

в) За уметнички музеи и галерии

1. ПРИМЕНА НА МУЗЕОЛОШКИТЕ ПРИНЦИПИ ВО РАБОТАТА НА УМЕТНИЧКИТЕ МУЗЕИ И ГАЛЕРИИ

Општествената улога на уметничките музеи и галерии и одредување тематска задача на уметничкиот музеј односно галерија со оглед на проблемите на развитокот на ликовните односно применетите уметности, потоа просветните и научните задачи на сродните установи.

Начела за собирање и евиденција на специфичниот музејски фонд.

Функционална организација на музејскиот простор на специфичниот вид музејска установа.

Принципи за експозиција со оглед на специфичниот карактер на установата, специфичноста на експонираниот материјал и посебната цел на различните изложби.

Методи и средства за пропаганда и работа со школската младина и другите категории посетители на специфичниот вид уметнички музеј односно галерија.

2. ИСТОРИЈА НА ГРАНКИТЕ ОДНОСНО ПОГЛАВЈАТА НА ЛИКОВНИТЕ ОДНОСНО ПРИМЕНЕТИТЕ УМЕТНОСТИ ШТО СЕ ВРЗАНИ ЗА РАБОТАТА НА СЛУЖБЕНИКОТ ВО УСТАНОВАТА ОДНОСНО ЗА РАБОТНОТО МЕСТО НА КОЕ РАБОТИ СЛУЖБЕНИКОТ

Историја на гранките на ликовните односно применетите уметности во рамките на потребите на установата во која работи службеникот.

Ако кандидатот ја положил одредената гранка од ликовните односно применетите уметности на дипломскиот испит во рамките на главниот предмет, ќе ги полага на стручниот испит специјалните поглавја од соодветната гранка на ликовните уметности односно применетите уметности, а во проширен обем според потребите на установата во која работи службеникот.

3. ИСТОРИЈА НА ТЕХНИКАТА НА ЛИКОВНИТЕ ОДНОСНО ПРИМЕНЕТИТЕ УМЕТНОСТИ

Историја на процесот на уметничкото обликување на делата на ликовните односно применетите уметности во рамките на потребите на установата во која работи службеникот.

Методика и техника на теренската и научно-истражувачката работа.

Евиденција на уметничките споменици на теренот за потребите на соодветниот уметнички музеј односно галерија.

Примена на методиката на историјата на уметноста во практичната работа.

2. Општи музејски установи

1. ПРИМЕНА НА МУЗЕОЛОШКИТЕ ПРИНЦИПИ ВО РАБОТИТЕ НА ОПШТИТЕ МУЗЕЈСКИ УСТАНОВИ

Општествената улога на општите музејски установи и одредување тематска задача со оглед на задачите на специјалните музеи, потоа просветните и научните задачи на сродните установи.

Начела за собирање и евиденција на специфичниот музејски фонд.

Функционална организација на музејскиот простор на специфичниот вид општа музејска установа.

Принципи за експозиција со оглед на специфичниот карактер на установата, специфичноста на експонираниот материјал и посебната цел на различните изложби.

Методи и средства за пропаганда и работа со школската младина и другите категории посетители на специфичниот вид општа музејска установа.

2. ПОЗНАВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ ОД КОМПЛЕКСОТ НА ОПШТЕСТВЕНО-ИСТОРИСКИТЕ, ПРИРОДНЈАЧКИТЕ ОДНОСНО УМЕТНИЧКИТЕ НАУКИ ВРЗАНИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА МУЗЕЈСКАТА УСТАНОВА И РАБОТНОТО МЕСТО НА СЛУЖБЕНИКОТ

Познавање историскиот и уметничкиот развиток и основно познавање природата на одреденот крај или познавање природата и основно познавање историскиот и уметничкиот развиток на одреденот крај.

3. ПОЗНАВАЊЕ НА ПОМОШНИТЕ НАУКИ ВО ВРСКА СО СПЕЦИФИЧНОСТА НА РАБОТАТА НА УСТАНОВАТА ВО КОЈА РАБОТИ СЛУЖБЕНИКОТ

Познавање соодветните помошни науки во рамките на потребите на работното место на службеникот.

4. МЕТОДИКА И ТЕХНИКА НА ТЕРЕНСКАТА И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА РАБОТА

Евиденција на соодветната граѓа на теренот.

Методика на истражувачката работа во специфичните услови на општа музејска установа.

IX

Програмата на посебниот дел на стручниот испит за звањето библиотечен манипулант опфаќа:

1. ОСНОВНО ПОЗНАВАЊЕ НА БИБЛИОТЕЧНОТО РАБОТЕЊЕ, ВИДОВИ ПУБЛИКАЦИИ, СИСТЕМ НА СМЕСТУВАЊЕ И СИГНИРАЊЕ НА КНИГИ, ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ИНВЕНТАРИРАЊЕ И КАТАЛОГИЗИРАЊЕ

Општ поим за библиотека.

Видови библиотечен материјал (книги, списанија, весници, географски карти, плакати, музикалии и др.) и нивните основни карактеристики.

Начини за набавка на библиотечен материјал (купување, размена, дар и задолжителен примерок)

Прием и потпечатување.

Инвентарирање (групно и поединечно).

Сигнирање и сместување на книжниот фонд (по формат и по материја — меѓународна децимална класификација).

Основни знаења од каталогизација — определница, наслов, главно каталожно картонче, додатно каталожно картонче и упатно. Видови каталози (општи појмови) — азбучен, систематски и топографски (основен).

Издавање библиотечен материјал за користење во зградата на библиотеката и надвор од неа. Техника на издавањето и враќањето на библиотечниот материјал во народните библиотеки и научните библиотеки.

Меѓубиблиотечно позајмување.

Библиотечни простории (читални и магазини), нивната намена и опрема.

2. ОСНОВНО ПОЗНАВАЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНИТЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КНИГИТЕ И ДРУГИОТ БИБЛИОТЕЧЕН МАТЕРИЈАЛ

Главни и најчести непријатели на книгата (инсекти, прашина, сонце, влага, температура, пожар, глувци и др.). Човекот како непријател на книгата.

Мерки за заштита на библиотечниот материјал. Дезинфекција и дезинсекција.

Ревизија на библиотечниот материјал (цел и начин).

Подврзување на библиотечниот материјал (книги, списанија, весници и друго).

Начини за чување на неподврзан библиотечен материјал во магацинот. Поправка на оштетените книги.

X

Програмата на посебниот дел на стручниот испит опфаќа

За звањето книжничар од III врста

1. ОСНОВНО ПОЗНАВАЊЕ НА ИСТОРИЈАТА НА КНИГАТА

а) До појавата на печатната книга

Првобитни средства за соопштување (предмети, животни и сл.).

Први појави на писмо (сликовно, идеографско, азбучно).

Материјали за пишување: камен, метал, дрвени и глинени плочи; папирусов свиток, пергаментен кодекс; пронајдување на хартијата и нејзиното ширење во Азија, Африка и Европа; водени знаци.

Средновековните ракописи (црквени и световни), нивниот материјал, форма, илустрации, подврзија.

б) Печатна книга

Пронајдување на подвижни букви во Кина и Европа. Јохан Гутенберг (живот и работа). Ширењето на печатарството во Европа. Печатниците во Венеција. Инкунабули. Илустрациите и подврзијата на печатните книги од XVII до XX век. Литографија, фотографија, линотип.

в) Југословенска книга

Ракописи, црковни и световни (книги и повелби), нивната општа карактеристика. Најстари словенски ракописи (глаголски и кирилски); најстари македонски ракописи; најстар српски ракопис (Мирославоево евангелие).

Првите печатници и нивните инкунабули (Венеција, Цетиње, Сињ).

Печатници во Србија и Хрватска од XVI до XVIII век.

Првите печатници до XIX-от век; првата македонска печатница, Теодоси Синаитски (живот и работа).

Првите југословенски весници и списанија.

Првите југословенски научни и книжевни друштва во XIX-от век и нивните изданија.

Научните и книжевните друштва во XX век, особено по Втората светска војна и нивната издавачка дејност.

2. ИСТОРИЈА НА БИБЛИОТЕКИТЕ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ИСТОРИЈАТА И ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА БИБЛИОТЕКИТЕ ВО ЈУГОСЛАВИЈА

Библиотеките како културно-историски установи

а) Стар век

Општа карактеристика на стариот век. Библиотеките во стариот Ориент. Грчките и римските библиотеки. Христијански библиотеки на грчко-римското земјиште.

б) Среден век

Културно-историски карактеристики на средниот век. Византиските библиотеки. Библиотеките на Арабите. Манастирските библиотеки на Запад во раниот среден век. Библиотеките во XIII и XIV век. Библиотеките во времето на хуманизмот и ренесансата. Употребата на хартијата. Појава на печатниците. Библиотеките од XVI до XVIII век, улогата на реформацијата за развитокот на библиотеките. Најважните европски библиотеки во тој временски период. Библиотеките по XVIII век, времето на просветниот апсолутизам. Најпознати библиотеки во тоа време.

в) Нов век

Влијанието на Француската буржоаска револуција на развитокот на библиотеките.

Франција. — Париската национална библиотека и други поважни библиотеки.

Германија. — Најпознати библиотеки од времето по Француската револуција. Градски и универзитетски библиотеки во XX век (и по Втората светска војна).

Англија. — Британскиот музеј. Претплатни и јавни библиотеки. Национална централна библиотека.

Италија. — Опаѓање на библиотеките во време на Наполеоновите војни. Библиотеките во времето на фашизмот; сегашната состојба.

САД. — Конгресната библиотека. Јавните и универзитетски библиотеки. Библиотекарското образование.

Масовни библиотеки. — Постанок и значењето на масовните библиотеки во Англија, Америка и Германија.

г) Среден и нов век во Источно-европските земји

СССР. — Библиотеките пред Октомвриската револуција. Значењето на Октомвриската револуција за развитокот на библиотеките. Најглавни библиотеки во СССР (Државната библиотека „Владимир Илич Ленин“, Државната библиотека „Салтиков-Шчедрин“, Библиотеката на Академијата на науките).

Преглед на развитокот на библиотеките во Полска, Чехословачка, Унгарија, Бугарија, Романија.

д) Југославија

СР Србија. — Српските библиотеки до XVIII век. Библиотеките во XVIII век. Библиотеката на Српската патријаршија. Првите библиотеки во Србија во XIX век. Народната библиотека во Белград. Централната библиотека на Српската академија на науките. Универзитетската библиотека „Светозар Марковиќ“. Школски библиотеки. Читалишта. Градски библиотеки. Библиотеки на друштва и установи. Воени библиотеки. Работнички библиотеки.

Библиотеките во АП Војводина. — Библиотеката на Матица српска; градски и школски библиотеки.

Библиотеките во Космет.

Библиотекарското образование.

СР Хрватска. — Средновековните библиотеки. Библиотеките од XV до XIX век, приватни; на езуитскиот и други редови. Развиток на библиотеките во XIX и XX век. Основање научни, стручни, градски, школски библиотеки, порастот на приватните библиотеки. Сучилишната книжница во Загреб. Метрополитската и Книжницата на Југословенската академија на знаноста и уметноста во Загреб. Организација и работа на библиотеките во Хрватска.

СР Словенија. — Манастирските и бискупските библиотеки. Библиотеките во времето на Реформацијата и Контрареформацијата — библиотеките на езуитската колегија, племички библиотеки. Лицеална — Народна и универзитетска книжница;

стручни и научни библиотеки основани во XIX и XX век. Појава на книжници за народот и работнички книжници. Библиотекарското образование во Словенија.

СР Босна и Херцеговина. — Гази Хусревбеговата библиотека. Библиотеката на Музејот во Сараево. Библиотеката на Институтот за изучување на Балканот. Книжницата на Српското просветно друштво „Просвјета". Книжницата на Хрватското културно друштво „Напредак" Народната библиотека. Работнички и масовни библиотеки.

СР Црна Гора. — Состојбата на библиотеките до Втората светска војна. Развитокот на библиотеките по ослободувањето — 1945 година. Народната библиотека. Библиотеките во Бока Которска и во Котор, Херцег Нови, на Островот Богородице кај Кртол.

СР Македонија. — Библиотеката на Климент Охридски (податоци во Климентовото житие од Теофилакт). Библиотеката на манастирот „Св. Пантелејмон" во Охрид и на Климентовата Величка епископија; податоци од Беседата на Презвитер Козма за библиотеки кај некои богати луѓе (световни и црковни лица) во X век; Библиотеката на Охридската архиепископија (податоци од Теофилакт); препишувачки школи и препишувачи во Охрид, с. Равне, Битола, Слепчанскиот манастир (прилепско), Скопје, Кратово, Лесновскиот манастир и др.

Вести за изгорени големи збирки од словенски книги во почетокот на XIX век.

Работата на Кирил Пејчиновиќ за средување на книжните збирки во манастирот Св. Димитри (скопско) и во Лешочкиот манастир Свети Атанаси. Библиотеките на некои наши преродбеници од XIX век (Палашев, Цинот, Шапкарев, Прличев, Робеви и други). Библиотеката на Училиштето Свети Ѓорѓи во Велес и на други училишта во Македонија во XIX век. Читалиштата во Македонија (втората половина на XIX и почетокот на XX век). Училишни и други библиотеки во Македонија пред Втората светска војна.

Библиотеките во Македонија денес.

Кратка историја на Народната и универзитетска библиотека и на Народна библиотека на Скопска околија во Скопје. Поглавни народни библиотеки во Скопје, Битола и во другите градови на Македонија. Состојбата на селските библиотеки. Детски библиотеки и детски оддели во другите народни библиотеки.

Поголеми библиотеки во состав на установи и организации; факултетски и семинарски библиотеки на Скопскиот универзитет, библиотеки на научни институти, на музеите, на гимназиите, учителските школи и другите училишта.

Прашањето за оспособување и усовршување на библиотекарскиот кадар кај нас.

3. ПРОПИСИ ЗА БИБЛИОТЕКИТЕ

Детално познавање на:

а) Републичките прописи за библиотеките

Закон за библиотеките, Правилник за регистрација и евиденција на библиотеките и др. и

б) Сојузните прописи за библиотеките

Уредба за Југословенскиот библиографски институт, Уредба за задолжително доставување на печатени работи, Наредба за водење Централен каталог на странски книги и списанија и др.

Основно познавање на другите прописи што се однесуваат и на книгите и другиот библиотечен материјал (Законот за заштита на спомениците на културата и др.).

4. ОСНОВИ НА БИБЛИОГРАФСКАТА ТЕОРИЈА, СО ПОЗНАВАЊЕ НА ГЛАВНИТЕ БИБЛИОГРАФИИ И БИБЛИОГРАФСКИТЕ И ДРУГИ СРЕДСТВА (СТРАНСКИ И ДОМАШНИ)

Дефиниција, поим, цел и историски развиток на библиографијата.

Видови библиографии. Општи (универзални и национални) библиографии — дефиниција, задачи и примена. Специјални библиографии — дефиниција, задачи и примена. Тековна, ретроспективна, анотирана и препорачителна библиографија. Библиографија на библиографиите — дефиниција, задача, видови. Библиографии според начинот на излегувањето (периодичност, формат).

Основни елементи на библиографската единица. Библиографска белешка, регистри и нивното користење.

Изработка на препорачителни библиографии и нивното значење за народните библиотеки.

Национални библиографии — поим, историски развиток и цел.

Развитокот на националната библиографија во Македонија и во Југославија. Југословенскиот библиографски институт, неговите публикации.

Библиографија и библиотечни каталози.

Библиографски помагала и извори — печатени библиотечни каталози, книжарски каталози, централни каталози, енциклопедии и библиографски речници.

Издавачката дејност во Југославија. Поголеми издавачки претпријатија.

Издавачката дејност во Македонија. Издавачки претпријатија во Македонија.

5. БИБЛИОТЕЧНО РАБОТЕЊЕ

Видови библиотечен материјал.

Набавка на книги и друг библиотечен материјал. Набавната политика според видот на библиотеката. Начини на набавка (купување, размена, дар). Задолжителен примерок. Средства за набавка на библиотечен материјал (библиографии, каталози, списоци и др.). Евиденција при набавката.

Прием и потпечатување.

Инвентарирање (вкупно и поединечно). Инвентарирање книги, периодични публикации; инвентарирање материјал од специјалните фондови (географски карти, плакати, летоци и др.). Податоци што ги дава инвентарната книга. Значењето на инвентарот како материјална книга. Статистички податоци што ги дава инвентарот.

Сигнирање и сместување на книгите, периодичните публикации и друг библиотечен материјал (специјални збирки). Начини на сигнирање — механичко и систематско. Елементи на сигнатурата. Добри и лоши страни на разните системи на сигнирање.

Каталогизација. Најпознати словенски правила за каталогизација. Правила за каталогизација во Југославија. Современи тенденции во каталогизацијата. Каталожно картонче. Оформување главно каталожно картонче. Определница (именска — разни имиња и презимиња, псеудоними, иницијали итн.). Определница при анонимни дела и дела со повеќе автори; колективен автор. Наслов. Поднаслов. Том. Поредност на изданието. Предговор. Преводач. Место на изданието. Издателство. Година. Пагинација. Илустрации и додатоци. Формат. Серија. Други видови каталожно картонче. Додатно каталожно картонче — податоци. Препратно каталожно картонче — податоци. Нивната употреба и значење. Централна каталогизација. Каталогизација на плакати, летоци и слично.

Каталози — цел и задачи. Видови каталози по форма, содржина и намена. Азбучен каталог и неговата намена. Начин на подредување каталожни картончиња во азбучен каталог. Општо правило. Индивидуален автор. Анонимни дела.

Колективен автор. Дополнителни препратни каталожни картончиња. Стручен каталог — цел и намена. Стручен каталог во библиотеките во Македонија. Најпознатиот стручен каталог — меѓународна децимална класификација. Главни карактеристики. Подредување на каталожните картончиња во стручниот каталог. Предметен каталог — цел и намена. Предметни ознаки. Техника на предметизација. Подредување на каталожните картончиња во предметниот каталог. Централен каталог — цел, намена, обем. Централен каталог во Југославија. Централен каталог во Македонија. Други видови каталози (основен, унакрсен и др.).

Обработка на дупликати.

Обработка на архивскиот примерок.

Зградата на библиотеката. Простории — големина и распоред. Читални (општи, специјални). Магацини. Поврзаност на читалните со магацините. Работни простории. Намештај. Работилници.

6. ВИДОВИ И ЗАДАЧИ НА БИБЛИОТЕКИТЕ И МЕТОДИ ЗА РАБОТА СО ЧИТАТЕЛИТЕ

Видови библиотеки (самостојни во состав на органи, установи и организации). Видови библиотеки според нивната намена. Задачи на општите библиотеки (научни и особено народни). Задачи на специјализираните библиотеки.

Библиотечната мрежа во Македонија. Значење и задачи на матичните библиотеки. Соработка со други установи и организации. Основни форми за соработка меѓу библиотеките.

Методи за работа со читателите. Задачите на книжничарот и неговата општествено-просветна улога. Организација на работата со читателите. Запознавање на читателите со правилата и редот на библиотеката. Права и должности на читателите. Советувања со читателот при неговиот избор на литература, користење на каталози и прирачници. Давање библиографски информации. Работа со читателите според возраста (индивидуална и групна), според нивото на знаењата и др. Евиденција на работата со читателите и следење на нивниот развиток.

Пропаганда на книгата. Форми за пропаганда на книгата и привлекување читатели (изложби, албуми, литературни читања, предавања, средби со читатели, аудио-визуелни материјал и др.). Слободен пристап кон книгата.

Подвижни библиотеки — цели и задачи.

Издавање библиотечен материјал за користење во библиотеката и надвор од неа. Организација и техника на издавањето и враќањето на библиотечниот материјал во народни и научни библиотеки.

Меѓубиблиотечно позајмување.

Библиотечна статистика — значење и начин на водење.

7. ЗАШТИТА И ЧУВАЊЕ НА КНИГИТЕ

Главни и најчести непријатели на библиотечниот материјал. Внатрешни (стареење и конституциони болести) и надворешни (воздух, влага, температура, прашина, светлост, темнина). Биолошки фактори. Човекот како непријател на книгата. Непријатели од животинскиот свет (инсекти, глувци). Билни непријатели (гливи, плесни и др.). Елементарни непогоди (земјотреси, пожари и поплави). Бојните и други непријатели на книгите. Книгите како преносител на заразни болести.

Мерки за запазување на книжниот фонд. Библиотечна зграда. Место и обзаведување на магазинскиот простор. Сместување и ракување со библиотечен материјал. Чување на библиотечните материјали во текот на обработката. Ревизија на книжниот фонд — цел и начини. Подврзување на библиотечниот материјал — книги, весници, списанија и др. Материјал за подврзување. Чување на неподврзан материјал во магазинот (плакати, летоци и друго).

Преглед и евиденција на издаден и вратен библиотечен материјал. Ограничување издавањето на библиотечен материјал надвор од библиотеката. Поправка на библиотечниот материјал — рачна и машинска.

Технички уреди за запазување на библиотечниот материјал. Дезинфекција и дезинсекција.

за звањето книжничар од II врста

1. ОСНОВНО ПОЗНАВАЊЕ НА ИСТОРИЈАТА НА КНИГАТА

Исто како и за звањето книжничар од III врста.

2. ИСТОРИЈА НА БИБЛИОТЕКИТЕ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ИСТОРИЈАТА И ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА БИБЛИОТЕКИТЕ ВО ЈУГОСЛАВИЈА

Исто како и за звањето книжничар од III врста.

3. ПРОПИСИ ЗА БИБЛИОТЕКИТЕ

Детално познавање на:

а) Републичките прописи за библиотеките

Закон за библиотеките, Правилник за регистрација и евиденција на библиотеките и др.

б) Сојузните прописи за библиотеките

Уредба за Југословенскиот библиографски институт, Уредба за задолжително доставување на печатени работи, Наредба за водење Централен каталог на странски книги и списанија и др.

Основно познавање на другите прописи што се однесуваат и на книгите и другиот библиотечен материјал (Закон за заштита на спомениците на културата и др.).

4. ОСНОВИ НА БИБЛИОГРАФСКАТА ТЕОРИЈА СО ПОЗНАВАЊЕ НА ГЛАВНИТЕ БИБЛИОГРАФИИ И БИБЛИОГРАФСКИТЕ И ДРУГИ СРЕДСТВА (ДОМАШНИ И СТРАНСКИ)

Дефиниција, поим, цел и историски развиток на библиографијата.

Видови библиографии. Општи (универзални и национални) библиографии — дефиниција, задачи и примена. Специјални библиографии — дефиниција, задачи и примена. Тековна, ретроспективна, анотирана и препорачителна библиографија. Библиографија на библиографиите — дефиниција, задача, видови. Библиографии според начинот на изведувањето (периодичност, формат).

Основни елементи на библиографската единица. Библиографска белешка, регистри и нивното користење.

Изработка на препорачителни библиографии и нивното значење за народните библиотеки.

Национални библиографии — поим, историски развиток и цел. Развиток на националната библиографија во Македонија и Југославија.

Југословенскиот библиографски институт, неговите публикации. Библиографија и библиотечни каталози.

Документацијата во библиотеките.

Библиографски помагала и извори — печатени библиотечни каталози, книжарски каталози, централни каталози, енциклопедии и библиографски речници.

Издавачката дејност во Југославија. Поголеми издавачки претпријатија.

Издавачката дејност во Македонија. Издавачки претпријатија во Македонија.

5. БИБЛИОТЕЧНО РАБОТЕЊЕ

Видови библиотечен материјал.

Набавка на книги и друг библиотечен материјал. Набавната политика според видот на библиотеката. Начин на набавка (купување, размена,

дар). Задолжителен примерок. Средства за набавка на библиотечен материјал (библиографии, каталози, списоци и др.).

Евиденција при набавката. Прием и подпечатување.

Инвентарирање (вкупно и поединечно). Инвентарирање книги, периодични публикации; инвентарирање материјал од специјалните фондови (географски карти, плакати, летоци и др.). Податоци што ги дава инвентарната книга. Значењето на инвентарот како материјална книга. Статистички податоци што ги дава инвентарот.

Сигнирање и сместување на книгите, периодичните публикации и друг библиотечен материјал (специјални збирки). Начин на сигнирање — механичко и систематско. Елементи на сигнатурата. Добри и лоши страни на разните системи на сигнирање. Сигнирање на сериски и многутомни дела и водење прирачни картотеки.

Каталогизација. Најпознати светски правила за каталогизација. Правила за каталогизација во Југославија. Современи тенденции во каталогизацијата. Каталожно картонче. Оформување на главно каталожно картонче. Определница (именска, разни имиња и презимиња, псеудоними, иницијали итн.). Определница при анонимни дела и дела со повеќе автори; колективен автор. Наслов. Поднаслов. Том. Поредност на изданието. Предговор. Преводач. Место на изданието. Издателство. Година. Пагинација. Илустрации и додатоци. Формат. Серија. Други видови каталожно картонче. Додатно каталожно картонче — податоци. Препратно каталожно картонче. Податоци. Нивната употреба и значење. Централна каталогизација. Каталогизација на плакати, летоци и сл.

Инвентарирање, сигнирање и каталогизирање на фотографски плочи, фотокопии и микрофилмови.

Каталози — цел и задачи. Првите каталози и нивниот развиток. Видови каталози по форма, содржина и намена.

Азбучен каталог и неговата намена. Начин на подредување каталожни картончиња во азбучен каталог. Општо правило. Индивидуален автор. Анонимни дела. Колективен автор. Дополнителни препратни каталожни картончиња.

Стручен каталог — цел и намена. Стручен каталог во библиотеките во Македонија.

Најпознатиот стручен каталог — меѓународна децимална класификација. Главни карактеристики. Подредување на каталожните картончиња во стручниот каталог.

Предметен каталог — цел и намена. Предметни ознаки. Техника на предметизацијата. Подредување на каталожните картончиња во предметниот каталог.

Централен каталог — цел, намена, обем. Централен каталог во Југославија. Централен каталог во Македонија. Познати централни каталози во светот.

Други видови каталози (основен, унакрсен и др.).

Обработка на дупликати.

Обработка на архивскиот примерок.

Зградата на библиотеката. Простории — големина и распоред. Читални (општи, специјални). Магазини. Поврзаност на читалните со магазините. Работни простории. Намештај. Работилници.

6. ВИДОВИ И ЗАДАЧИ НА БИБЛИОТЕКИТЕ И МЕТОДИ ЗА РАБОТА СО ЧИТАТЕЛИТЕ

Исто како и за звањето книжничар од III врста.

7. ЗАШТИТА И ЧУВАЊЕ НА КНИГИТЕ

Исто како и за звањето книжничар од III врста.

8. ОСНОВНО ПОЗНАВАЊЕ НА ЕДЕН СТРАНСКИ ЈАЗИК (ФРАНЦУСКИ, АНГЛИСКИ, РУСКИ, ГЕРМАНСКИ ИЛИ ИТАЛИЈАНСКИ) — ПО ИЗБОР НА КАНДИДАТОТ

Читање и превод на текст. Прераскажување на прочитаниот текст.

XI

Програмата на посебниот дел на стручниот испит за звањето библиотекар опфаќа:

1. ПАЛЕОГРАФИЈА (СЛОВЕНСКА И ЛАТИНСКА)

а) Увод

Палеографијата како помошна историско-филолошка наука.

Методите на палеографското проучување (индуктивен и дедуктивен).

Поважните етапи во развитокот на писмото.

Значењето на палеографијата во библиотекономијата.

Поважна литература за словенската и за латинската палеографија.

Поважните етапи во развитокот на писмото.

Книгата во стариот и во средниот век. Печатена книга.

Печатниците на словенскиот југ.

Инкунабули.

Настанување на различни видови изданија кај нас.

Книжарството кај нас.

б) Словенско писмо

Грчкото писмо. Капитално и унцијално. Карактеристика и настанување.

Словенското писмо.

Глаголица. Име и потекло. Теоријата за врската со грчката минускула. Врските со другите азбуки. Видови глаголица.

Кирилица. Име и потекло. Имињата на буквите. Врската со грчкиот унцијал и со глаголицата. Која азбука е постара. Палимпсести. Развојот на кирилицата кај Јужните Словени: устав, полуустав, брзопис и курзив. Реформата на кирилицата во XVIII-от век во Русија. Вуковата реформа.

Македонската кирилица.

Латинска транслитерација на старословенското писмо.

в) Правопис

Разликување на ѣ и ꙗ во старослов. Глаголица и кирилица.

Интерпункција. Скратено пишување. Начин на скратувањето. Титли. Дијакритични знаци. Обележување на броевите. Системот на датирањето. Пагинација. Графички особини на ракописните и на печатените книги.

г) Јазик

Старословенски јазик. Име. Потекло и главни гласовни особености. Рецензии и нивните особености. Рецензии (руска, чешкоморавска, српска, среднобугарска, македонска). Црковнословенски, рускословенски и српскословенски јазик во книжевноста.

д) Споменици

Библиотеки во кои се чуваат старословенските споменици. Видови текстови: книги, повелби, натписи и записи.

Поважни глаголски споменици.

Поважни кирилски споменици.

Старословенски книжевно-културни центри.

Поважни споменици од јужнословенските јазични рецензии.

ѓ) Латинско писмо

Морфолошкиот процес на развитокот на латинското писмо — општи црти: римско, прекаролиншко, беневентана, каролиншко, готица и хуманистика.

Хрватска латиница.

Скратеници.

Латински книжевни споменици кај нас. Словенски текстови пишувани со латиница.

2. ИСТОРИЈА НА КНИГАТА

а) Првобитни средства за соопштување

Пренесување мисли со помошта на предмети (плот, оружје, јазли, наниз од зрна, школки и сл.), животни (птици, глувци, жаби и сл.), рабуши.

б) Први појави и развиток на писмото

Сликовно (пиктографско) писмо.

Идеографско писмо, упростени слики со симболично значење.

Фонографско писмо (вербални, силабички и азбучни фонограми); азбучно писмо.

Сликовно писмо на американските индијанци.

Кинеско писмо (идеографско и фонограми).

Клинесто писмо во Предна Азија.

Египетско писмо (идеограми и фонограми).

Критско писмо.

Најважни азбучни писма: Феникиско писмо, грчко писмо, латинско писмо, словенско писмо (глаголица и кирилица).

в) Материјали за пишување

Камен (неподвижен и подвижен), песок, коски, рогови, метали, кора од дрва, палмови лисја, глинени плочи; папирус, обработка на папирусот како материјал за пишување, папирусен свиток, запазени збирки; пергамент, пергаментен кодекс; хартија, пронајдување на хартијата, начин на изработување, ширење во Азија Африка и Европа; водени знаци.

Потекло и значење на имињата: хартија, папир, том, волумен, библиотека.

Прибор за пишување (инструменти за пишување): глета, шилци, стилуси, четки, каламуси, птичји пера, метални пера, моливи; мастило, туш, бои.

г) Ракописи во средниот век

Материјали и средства за пишување.

Главни видови букви: капитал, унцијално писмо, мајускулно, минускулно, курсивно, уставно и полууставно писмо, брзо писмо.

Илустрации, минијатури, иницијали во средновековните ракописи.

Подврзијата на средновековните ракописи (дрвена, олтарска, кожена подврзија); украси.

Каде и од кого се изработувани средновековните ракописи.

д) Појава на печатната книга

Ксилографија; пронајдок на подвижните букви во Кина и Европа; Јохан Гутемберг — претходници, животот и работата на Јохан Гутемберг. Ширење на печатењето во Европа. Инкунабули.

Три вида печат: висок, длабок, плосак.

Три начини на печатење: притискање на плоча врз плоча, на ваљак врз плоча и на ваљак со ваљак.

Украси на печатната книга: гравири (Дирер), дрворез, бакрорез, литографија, фотографија.

Подврзија на печатната книга: разлика меѓу подврзијата на ракописните и печатните книги; материјали употребувани за подврзија; стилови: подврзијата во исламскиот ориент, Алдо Мануција; барокниот стил во илустрациите (Рубенс), Рококо во XVIII век, Ампир-стил и романтичен стил во XIX век.

ѓ) Книгата кај Јужните Словени

Ракописи. Каде и од кого се работени средновековните наши ракописи; манастири и цркви; препишувачи; илустратори. Црковни и световни ракописи.

Старословенски јазик; редакции (рецензии): македонска, бугарска, српска, руска. Најстари словенски книжевни паметници.

Појава на печатени книги кај Јужните Словени: најстари словенски печатници (Цетиње, 1493 год. и Сењ 1494 год). Стари хрватски печатници: Ријека (1530), Неделишче (1574), Вараждин (1587); (По Вараждинската печатница, околу 100 години во Хрватска нема печатници); Загреб (1694), Осијек (1775), Дубровник (1783), Сплит, Карловац (1809) и др.

Стари српски печатници: Печатницата на Божидар Вуковиќ и неговиот син Винченцо (1512), Горажд (1529), Грачаница на Косово (1539), Приепоље (Милешево), печатницата на Тројан Гундулиќ во Белград (1552), Мршкина Црква (крај Ужице, 1562), Печатницата на Јаков од Камена река во Венеција (1566), на Јероним Загуровиќ во Венеција (1670); во Македонија Книжарницата на Кара Трифун во Скопје од XIV век. Прекин на печатното дело од крајот на XVI до втората половина на XVIII век. Печатни книги на кирилица во Влашко и Русија.

Првата македонска печатница (Теодоси Синаитски и Даскал Камче, живот и дејност).

Поважни југословенски научни и книжевни друштва во XIX и XX век.

3. ИСТОРИЈА НА БИБЛИОТЕКИТЕ

а) Увод

Библиотеките како културно-историски установи и нивното значење во културната историја на човештвото.

б) Стар век

Општествено-економските културни услови во стариот век.

Библиотеките во стариот Ориент: Египет, Асирија и Вавилонија, хетитските библиотеки.

Грчките библиотеки во класичниот период (до IV век пред н. е.). Елинистичкиот период.

Римските библиотеки.

Христијански библиотеки на грчко и римско земјиште.

Општа карактеристика и организацијата на старите библиотеки.

в) Среден век

Општествени и културни услови во средниот век. Византиски библиотеки. Арабиски библиотеки.

Манастирските библиотеки на Запад во раниот среден век:

Италија. — Обнова на библиотеките, дејност на манастирите Вивариум и Монтекасино; правната школа во Болоња.

Шпанија. — Исидор Севиљски. Ирски библиотеки, ирски мисионери и основатели на манастири во Европа.

Франција. — Библиотеката и културната дејност на Карло Велики; улогата на манастирите и на калуѓерските редови за формирање на христијанската култура.

Германија. — Библиотеките во Германија; појава на првите библиотечки каталози.

Уредбата на библиотеките во раниот среден век.

Библиотеките во XIII и XIV век.

Библиотеките на кнезовите. Основање универзитети и нивните библиотеки.

Библиотеките во времето на хуманизмот и ренесансата. Влијанието на хуманизмот и ренесансата за развитокот на библиотеките. Приватни и јавни библиотеки во Италија. Библиотеките на немските хуманисти. Револуционерното значење на

употребата на хартијата и појавата на печатницата. Напредокот на универзитетските библиотеки. Почетоци на градските библиотеки. Основање библиотеки во Франција.

Библиотеките во XVI и XVII век.

Улогата на реформацијата за развитокот на библиотеките. Уредувањето на библиотеките и прашањето за библиотекарскиот позив.

Германија. — Основање градски, универзитетски, кнежевски, дворски и приватни библиотеки, улогата на панаѓурите во ширењето на книгата, воведување задолжителен примерок. Последиците на триесет-годишната војна за развитокот на библиотеките.

Франција. — Кралската библиотека, Мазарини и неговото значење за развитокот на јавните библиотеки, значењето на Габриел Ноде.

Англија. — Состојбата на англиските библиотеки во времето на верските реформи, работата на Томас Бодлјер за обновата на Оксвордската библиотека, другите универзитетски библиотеки.

Библиотеките во Италија, Холандија, Шведска, Данска и Северна Америка во тоа време.

Библиотеките во XVIII век.

Времето на просветителството и просветениот апсолутизам. Библиофили. Положбата на библиотеките во ова време.

Франција. — Напредокот на кралската библиотека, работата на нејзиниот директор Жан Пол Биљон, изработување на систематски каталог; приватните библиотеки.

Италија. — Културната дејност на Муратори. Оснивање на национални библиотеки во Неапол и Милано.

Англија. — Библиотеката на Британскиот музеј.

Германија. — Положбата на манастирските библиотеки, натамошен развиток на универзитетските библиотеки, создавање социјални библиотеки поврзани со научните установи.

САД. — Оснивање на универзитетски библиотеки; претплатни библиотеки и нивното значење.

г) Нов век

Француската буржоаска револуција и нејзиното влијание на културниот живот.

Франција. — Париската национална библиотека и нејзините библиотекари Жозеф Ван Пре и Леополд де Лил. Другите библиотеки и нивното значење.

Германија. — Минхенската библиотека; Кралската библиотека во Берлин; Државната библиотека во Дрезден и нејзиниот библиотекар Фридрих, Адолф Еберт; градски и универзитетски библиотеки во XX век. Библиотеките во Источна Германија.

Англија. — Британскиот музеј и реформаторската работа на Антони Паници; претплатни и јавни библиотеки; оснивањето на Националната централна библиотека; видови библиотеки во Англија.

Италија. — Кризата на библиотеките во времето на наполеоновите војни; библиотеките во времето на фашизмот; сегашната состојба.

САД. — Конгресната библиотека; јавните библиотеки и дејноста на Андрју Халади; значењето на Карнециевата задужбина за помагање на библиотеките; универзитетски библиотеки. Библиотекарското образование.

Кус преглед на библиотеките во другите земји: Норвешка, Португалија, Швајцарија, Белгија, Холандија, Австрија, Турција.

Масовни библиотеки. — Постанокот и задачите на масовните библиотеки во Англија, Америка и Германија. Состојбата на масовните библиотеки во Скандинавските земји и во другите држави во Западна Европа.

д) Среден и нов век во Источноевропските земји

СССР. — Библиотеките пред Октомвриската револуција (историски преглед). Октомвриската револуција и нејзиното значење за организацијата на советските библиотеки. Државната библиотека „Владимир Илич Ленин“ во Москва; Државната јавна библиотека „Салтиков-Шчедрин“ во Ленинград, Библиотеката за општествените науки во Москва, Библиотеката на Академијата на науките во Москва. Подготвување на библиотекарски кадри.

Полска. — Библиотеките во Полска во средниот век и во новото време; штетите на полските библиотеки во време на окупацијата. Сегашната состојба на библиотеките. Библиотекарското образование.

Преглед на развитокот и сегашната состојба во библиотеките во Чехословачка, Унгарија, Бугарија, Романија.

ѓ) Југославија

СР Србија. — Српските библиотеки до XVIII век. Библиотеките во XVIII век. Библиотеката на Српската патријаршија. Првите библиотеки во Србија во XIX век. Народната библиотека во Белград. Централната библиотека на Српската академија на науките. Универзитетската библиотека „Светозар Марковиќ“. Школски библиотеки. Читалишта. Градски библиотеки. Библиотеки на друштва и установи. Воени библиотеки. Работнички библиотеки.

Библиотеките во АП Војводина. — Библиотеката на Матица српска; градски и школски библиотеки.

Библиотеките во Космет.

Библиотекарското образование.

СР Хрватска. — Средновековните библиотеки. Библиотеките од XV до XIX век, приватни; на Језуитскиот и други редови. Развитокот на библиотеките во XIX и XX век. Оснивање на научни, стручни и градски, школски библиотеки, порастот на приватните библиотеки. Сеучилишната книжница во Загреб. Метрополитската; Книжницата на Југословенската академија на знаноста и уметноста во Загреб. Организација и работа на библиотеките во Хрватска.

СР Словенија. — Манастирските и бискупските библиотеки, Библиотеките во времето на реформацијата и контрареформацијата — библиотеките на езуитската колегија, племички библиотеки. Лицеална — Народна и универзитетска книжница; стручни и научни библиотеки основани во XIX и XX век. Појава на книжници за народот и работнички книжници. Библиотекарското образование во Словенија.

СР Босна и Херцеговина. — Гази Хусревбеговата библиотека. Библиотеката на Музејот во Сараево. Библиотеката на Институтот за изучување на Балканот. Книжницата на Српското просветно друштво „Просвјета“. Книжницата на Хрватското културно друштво „Напредак“. Народната библиотека. Работнички и масовни библиотеки.

СР Црна Гора. — Состојбата на библиотеките до Втората светска војна. Развитокот на библиотеките по ослободувањето 1945 година. Народната библиотека. Библиотеките во Бока Которска и во Котор, Херцег Нови, на Островот Богородица кај Кртол.

СР Македонија. — Библиотеката на Климент Охридски (податоци во Климентовото житко од Теофилакт), Библиотеката во манастирот св. Пантелејмон во Охрид и на Климентовата Величка епископија; податоци од Беседата на Презвитер Козма за библиотеките кај некои богати луѓе (световни и црковни лица) во X век; Библиотеката на Охридската архиепископија (податоци од Теофилакт); препишувачки школи и препишувачи во Охрид, с. Рамне, Битола, Слепчанскиот манастир

(прилепско), Скопје, Кратово, Лесновскиот манастир и др.

Вести за изгорени големи збирки од словенски книги во почетокот на XIX век.

Работата на Кирил Пејчиновиќ за средување на книжните збирки во манастирот Свети Димитри (скопско) и во Лешочкиот манастир Свети Атанас. Библиотеките на некои наши преродбеници од XIX век (Палашев, Цинот, Шапкарев, Прличев, Робеви и др.). Библиотеката на Училиштето Свети Ѓорѓи во Велес и на други училишта во Македонија во XIX век, Читалиштата во Македонија (втората половина на XIX век и почетокот на XX век). Училишни и други библиотеки во Македонија пред Втората светска војна.

Библиотеките во Македонија денес.

Кратка историја на Народната и универзитетската библиотека и на Народната библиотека на Скопска околија во Скопје. Поглавни народни библиотеки во Скопје, Битола и другите градови на Македонија. Состојбата на селските библиотеки. Детски библиотеки и детски оддели на другите народни библиотеки.

Поголеми библиотеки во состав на установи и организации. Факултетски и семинарски библиотеки на Скопскиот универзитет, библиотеки на научни институти, на музеите, на гимназиите, на учителските школи и на другите училишта.

Прашањето за оспособување и усовршување на библиотекарскиот кадар кај нас.

4. БИБЛИОГРАФИЈА СО ПОЗНАВАЊЕ НА ГЛАВНИТЕ ОПШТИ БИБЛИОГРАФИИ (СТРАНСКИ И ДОМАШНИ)

Дефиниција, поим, цел и историски развиток на библиографијата.

Видови библиографии. Општи библиографии (универзални и национални), дефиниција, задачи и примена. Специјални библиографии, дефиниција, задачи и примена. Тековни, ретроспективни, анотирани, препорачителни библиографии. Библиографија на библиографиите. Дефиниција, задачи, видови. Библиографии според начинот на излегувањето (периодичност, формат).

Метод на библиографска работа. Собирање на материјал. Средување на материјалот (хронолошко, азбучно, систематско). Материјал што влегува во состав на библиографиите (книги, периодични публикации и др.).

Библиографска единица. Основни правила за попишување на печатениот материјал. Елементи на библиографската единица. Библиографска белешка. Регистри, значење и користење.

Библиографија и библиотечни каталози.

Библиографија и документација.

Развитокот на библиографијата во Југославија до 1945 и после 1945 година. Национални библиографии во Југославија и во Македонија.

Југословенскиот библиографски институт и неговите публикации.

Меѓународниот библиографски институт во Брисел.

Странски национални библиографии (американска, белгиска, француска, советска и др.).

5. ПОЗНАВАЊЕ НА БИБЛИОГРАФСКИТЕ И ДРУГИ СРЕДСТВА (СТРАНСКИ И ДОМАШНИ)

Библиографски помагала и извори — печатени библиотечни каталози, книжарски каталози, централни каталози, енциклопедии и библиографски речници.

Издавачка дејност во Југославија. Издавачки претпријатија во Југославија.

Издавачка дејност во Македонија. Издавачки претпријатија во Македонија.

Дневен и периодичен печат во Југославија. Дневен печат (со подетални податоци за „Нова Македонија", „Борба", „Политика" и др.).

Периодични публикации од областа на библиотекарството.

Позначителни книжевни листови и списанија.

Познавање и преглед на поважните странски библиографии (италијански, американски, германски, советски и др.).

6. ПРОПИСИ ЗА БИБЛИОТЕКИТЕ

Детално познавање на:

а) Републичките прописи за библиотеките

Закон за библиотеките, Правилник за регистрација и евиденција на библиотеките и др.

б) Сојузните прописи за библиотеките

Уредба за Југословенскиот библиографски институт, Уредба за задолжително доставување на печатени работи, Наредба за водење Централен каталог на странски книги и списанија и др.

Основно познавање на другите прописи што се однесуваат и на книгите и другиот библиотечен материјал (Закон за заштита на спомениците на културата и др.).

7. БИБЛИОТЕЧНО РАБОТЕЊЕ

Библиотечен материјал. Видови библиотечен материјал. Книгата и нејзините делови, периодични публикации, албуми, речници, карти и атласи, графички и друг библиотечен материјал.

Набавка на библиотечен материјал. Набавната политика (според видот и задачите на библиотеката и составот на книжниот фонд). Начини на набавка (купување, размена, дар, задолжителен примерок и др.). Средства и помагала при изборот на библиотечен материјал (библиографии, каталози и др.). Водење евиденција на порачаниот библиотечен материјал. Акцесорната картотека.

Задолжителен примерок — цел, значење, обврска на печатниците, издавачите и др. Задолжителен примерок во Македонија.

Архивски примерок — цел, значење, обработка, користење, чување.

Прием и потпечатување на библиотечен материјал.

Инвентарирање (групно и поединечно), статистички податоци што ги дава инвентарот. Инвентарирање на книги, периодични публикации и друг библиотечен материјал.

Сигнирање и сместување на книгите. Начин на сигнирање — механичко и систематско. Сигнирање и сместување на библиотечниот материјал за слободен пристап на читателите. Елементи на сигнирањето. Сигнирање на книги, периодични публикации, карти, музикалии, графички и друг библиотечен материјал. Сигнирање на дупликати.

Каталогизација. Први пишани правила за каталогизацијата. Светски правила за каталогизацијата (пруски, американски, советски, француски). Правила за каталогизацијата во Југославија. Современи тенденции во каталогизацијата. Изработка на каталожното картонче. Делови на книгата важни за каталогизацијата. Транслитерација. Видови каталожно картонче. Елементи на каталожното картонче. Определница. Именска определница (поим за авторство, соавтори, форма на авторското име, форма на авторското име при преводна литература, промена на авторското име, сложени имиња, додатоци кон презимето, псеудоними итн.). Определница при анонимни дела и дела со повеќе автори. Граматички принцип. Механички принцип. Нови смерници по ова прашање. Колективен автор. Каталогизација на дисертации, писма, рецензии, сериски изданија, многутомни дела, музикали, речници, карти, албуми и друг библиотечен материјал. Групна каталогизација. Каталогизација на периодични публикации.

Инвентарирање, сигнирање и каталогизирање на фотографски плочи, фотокопии и микрофилмови.

Каталози — значење и цел. Првите каталози и нивниот развиток. Видови каталози по форма (ракописен, печатен, на листови, на картончиња и др.), по содржина (азбучен, стручен, предметен) и по намена (интерни и читателски).

Азбучен каталог — дефиниција, цел, значење. Средување на каталожните картончиња.

Стручен каталог. Дефиниција. Теорија. Библиотечен распоред на науките. Методологија на стручниот каталог. Разни системи.

Децимална класификација — историјат, структура, варијанти. Помошни ДК таблици. Абецеден индекс. Меѓународна децимална класификација. Добри и лоши страни на меѓународната децимална класификација. Децимален каталог — оформување. Елементи за средување на каталожното картонче.

Предметен каталог — дефиниција, цел и задачи. Техника на предметизацијата. Предметни ознаки — форми. Стручен индекс. Подредување на каталожните картончиња во предметниот каталог. Предметен и стручен каталог — паралела, добри и лоши страни.

Централен каталог — дефиниција, цел и значење. Централен каталог во Југославија и во Македонија. Познати централни каталози во светот.

Основен каталог — дефиниција, цел и значење. Оформување и подредување на основниот каталог.

Други каталози (на специјални фондови, на дупликати и др.).

Унакрсен каталог.

8. ОРГАНИЗАЦИЈА И МЕТОД НА РАБОТА НА БИБЛИОТЕКИТЕ

Општо за организацијата и работењето на библиотеките. Основни организациони единици (одделенија, отсеци, збирки) и нивното меѓусебно поврзување. Поврзување на организационите единици на голема библиотека во единствена организациона целина.

Самостојни библиотеки. Библиотеки во состав на државни органи, установи, стопански и општествени организации и здруженија и нивните задачи. Видови библиотеки според нивната намена. Задачи на општите библиотеки (народни и научни). Задачи на специјализираните библиотеки.

Библиотечна мрежа во Македонија. Улога, значење и задачи на матичните библиотеки. Соработка со други установи и организации. Основни форми за соработка меѓу библиотеките. Меѓународна соработка на библиотеките. Улогата и задачите на Народната и универзитетската библиотека како национална и централна матична библиотека.

Простории на библиотеките. Основни принципи во градењето на библиотечна зграда. Видови простории и нивната намена. Децентрализација на магацини и читални. Намештај и опрема на просториите. Простории за детски и младински одделі. Работилници и нивното уредување. Технички уреди во библиотеките.

Организација на работата со читателите. Методи за работа со читателите. Запознавање на читателите со правилата и редот на библиотеката. Права и должности на читателите. Советување со читателот во неговиот избор на книга, користење на каталози, прирачници, давање библиографски информации. Работа со читателите според возраста (индивидуална и групна). Евиденција на работата со читателите и следење на нивниот развиток. Пропаганда на книгата. Форми, за пропаганда на книгата заради привлекување на читатели. Слободен пристап кон книгата. Подвижни библиотеки, цел и задачи. Издавање библиотечен материјал за користење во библиотеката и надвор од неа. Организација на издавањето и враќањето на библиотечниот материјал во народните и во научните библиотеки. Меѓубиблиотечно позајмување.

Општествено-просветната улога на библиотеките. Статистика во библиотеките — значење и начин на водењето.

9. ЧУВАЊЕ И КОНЗЕРВАЦИЈА НА КНИГИТЕ

Главни и најчести непријатели на библиотечниот материјал. Внатрешни непријатели на книгите (стареење и конституциони болести). Надворешни непријатели на книгите (воздух, влага, топлина, прашина, светлост и др.). Биолошки фактори. Човекот како непријател на книгата. Непријатели од животинскиот свет (инсекти, глувци и др.). Билни непријатели (гливи, плесни и др.). Елементарни непогоди (земјотреси, пожари, поплави). Војните како непријатели на книгата. Книгата како преносител на заразни болести.

Заштита на библиотечниот материјал. Библиотечна зграда, место и обзаведување на магацинскиот простор.

Сместување и ракување со библиотечниот материјал.

Чување на библиотечниот материјал во текот на обработката.

Ревизија на книжниот фонд — цел и начин.

Подврзување на библиотечниот материјал. Материјал за подврзување.

Чување на неподврзан материјал (плакати, летоци и др.)

Преглед и евиденција на издаден и вратен библиотечен материјал. Ограничување на издавањето библиотечен материјал надвор од библиотеката.

Ламинација, фотокопирање, микрофилмување и конзервирање на библиотечен материјал.

Технички уреди за запазување на библиотечниот материјал.

Поправка на библиотечниот материјал — рачна и машинска.

Дезинфекција и дезинсекција.

10. ЕДЕН СТРАНСКИ ЈАЗИК (ФРАНЦУСКИ, АНГЛИСКИ, РУСКИ, ГЕРМАНСКИ ИЛИ ИТАЛИЈАНСКИ) — ПО ИЗБОР НА КАНДИДАТОТ

Читање, превод и анализа на текст. Конверзација.

XII

Програмата на посебниот дел на стручниот испит за звањето архивски манипулант опфаќа:

1. АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ (ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА АРХИВСКИОТ МАТЕРИЈАЛ И СРЕДУВАЊЕ НА АРХИВСКИОТ МАТЕРИЈАЛ)

Основни заштитни мерки на архивскиот материјал: од кражби, пожар и оштетување на документите, фотохемиски (од светлост), атмосверски (од температура, влажност и прашина), биолошки (од инсекти и микроорганизми) и технолошки (од киселини и мастила). Дезинфекција и дезинсекција на архивскиот материјал.

Архивски фонд и архивска збирка. Системи на средување, принципот на провиниенцијата, подготовки за средување, средување на архивските фондови и збирки (посебно за новите архивски материјали). Шкартирање на архивските материјали при средувањето.

Надворешна служба и прием на архивските материјали во архивите.

Познавање на внатрешните прописи во архивите по прашањето за заштита на архивските материјали и нивното користење во научни и други цели.

2. ИСТОРИЈА НА НАРОДИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА — ОСНОВНИ ПОЗНАВАЊА

Преглед на историјата на народите на Југославија (основни знаења).

Доселување на Јужните Словени на Балканскиот полуостров.

Средновековни југословенски држави — Самуиловото царство.

Нашите народи под тугинска доминација од XV до XVIII век.

Македонија под турското ропство.

Развитокот на српската и црногорската држава од XIX век до 1914 година.

Борба на македонскиот народ за слобода до 1941 година.

Јужнословенските земји под Австро-Унгарија до I-та светска војна.

Првата светска војна и создавањето на југословенската држава.

Борбата на работничката класа на чело со КПЈ.

Слабости и причини за пропаста на Краљевина Југославија.

Народно-ослободителната борба и создавањето на ФНРЈ.

XIII

Програмата на посебниот дел на стручниот испит опфаќа:

За звањето архивски помошник од III врста

1. АРХИВИСТИКА (ОПШТИ ПОИМИ, РАБОТА НА ЗАШТИТА, СРЕДУВАЊЕ И ОБРАБОТКА НА МАТЕРИЈАЛИ, КОРИСТЕЊЕ НА АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ, АРХИВСКИ ДЕПА И ЗГРАДИ, АРХИВ И РЕГИСТРАТУРА, РАБОТА ВО СТРУЧНА БИБЛИОТЕКА)

Општи поими за архивистиката и архивската служба.

Архива, значење и задачи.

Превентивни заштитни мерки на архивските материјали. Микрофлора и микрофауна во архивите. Конзервација на архивските материјали (рачна и техничка).

Архивски фонд и архивска збирка.

Системи на средување архивски материјали, принципот на провиниенцијата. Подготовки за средување и обработка на архивските материјали. Средување, обработка и шкартирање на архивските материјали.

Користење зграда и депо.

Надзор и евиденција на архивските материјали во регистратурите.

Рокови на чување на архивските материјали во регистратурите.

Архивски документарни центри.

Надворешна служба и прием на архивските материјали од регистратурите.

Набавна политика на книги и други публикации и размена со странство.

Средување и обработување, чување и заштита на книжниот фонд.

Работа во стручна библиотека.

Читална и надзор во читалната. Користење на архивските материјали во читалната.

2. ПРОПИСИ ЗА АРХИВИТЕ

Детално познавање на:

а) Републичките прописи за архивите и архивскиот материјал и

б) Сојузните прописи за архивите и архивскиот материјал.

Основно познавање на другите прописи што се однесуваат и на архивите и архивскиот материјал (Законот за заштита на спомениците на културата и др.).

3. ИСТОРИЈА НА НАРОДИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ВРСКА СО ФОНДОТ НА АРХИВСКИОТ МАТЕРИЈАЛ, ИСТОРИЈА НА XIX и XX ВЕК НА НАРОДИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА — СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ВЛАСТА И УПРАВАТА

Првото и Второто српско востание и создавањето на кнежевина Србија под Милош Обреновиќ. Владеењето на Кнез Михајло.

Грчкото востание од 1821 година и создавањето на независната грчка држата од 1830 година.

Босанско-Херцеговското востание од 1875 година и Руско-Турската војна од 1877—1878 година.

Берлинскиот конгрес и прогласувањето на Србија и Црна Гора за независни држави.

Окупацијата на Босна и Херцеговина.

Формирањето на Бугарската држава во 1878 година.

Нараснување на градовите и градското население во Македонија во текот на XIX век. Засилување на занаетчиството и трговијата. Културата и просветата во ова време (отворање македонски градски училишта, зидање цркви, отворање печатници во Солун, појава на првите книги и учебници).

Борба на младата македонска буржоазија и интелигенција за отстранување на грчките владици од Македонија за враќање укинатата Охридска архиепископија и за воведување словенски јазик во црквите.

Создавањето на Бугарската егзархија 1870 година и нејзината организација. Ширењето на егзархиската црквена управа во Македонија (Скопје, Велес, Охрид, Струмица, Битола, Дебар, Неврокоп и други места). Преземање раководството на црквеноучилишните општини и училиштата од страна на Бугарската егзархија и отпорот против ова.

Востаничкото вриење во Македонија од 1876—1881 година (Разловечкото востание од 1876 година, Кресненското востание, Кумановското вриење од 1878—1879 година и Брсјачката буна 1880—1881 година).

Осиромашување на селските маси, опаѓање на занаетчиството и трговијата и масовно одење на печалба.

Создавањето на Тајната Македонска револуционерната организација во Солун 1893 година (подоцна наречена Внатрешна Македонска револуционерна организација или скратено ВМРО), нејзините цели, устројството на теренот и системот на работа.

Создавањето на македонска социјалистичка група 1893 година во Софија и нејзината пропаганда во Македонија.

Организирањето Врховен комитет во Софија 1895 година и неговите стремежи за присоединување на Македонија кон Бугарија. Борбата меѓу централистите и врховистите.

Илинденското востание од 1903 година и неговиот карактер. Катастрофата на востанието и последиците. Засилувањето на вооружените соседни пропаганди.

Рилскиот конгрес на ВМРО во 1905 година.

Младотурската револуција (Хуриетот) од 1908 година, уредувањето парламентарен живот во Турција.

Создавањето први политички партии и организации во Македонија (Народна Федеративна партија; сојузи на конституциони бугарски, српски, грчки и влашки кругови; социјалистички организации).

Свикувањето на првата Балканска социјалистичка конференција во Белград и учеството на македонските социјалисти на неа.

Сојузот на балканските држави и неговите цели. Балканските војни од 1912—1913 година и учеството на Македонија. Тројната поделба на Македонија меѓу Србија, Бугарија и Грција — ново национално угнетување.

Заострување односите меѓу империјалистичките сили и избувнување на Првата светска империјалистичка војна. Македонија како арена на борбите и нејзината окупација од Германците и Бугарите 1915—1918 година.

Влијание на Октомвриската револуција 1917 година на фронтовите. Завршувањето на војната и преговорите во Версај за склучување мир 1919 година. Повторна поделба на Македонија меѓу соседите.

Создавањето на државата СХС. Национални и класни спротивности во неа. Хегемонистичката политика на српската буржоазија. Формирање политички партии и нивните борби за власт до 1929 година.

Воведувањето на Шестојануарската диктатура. Поврзување на класата што владеала со фашистичкиот блок и пристапување кон Тројниот пакт. 27 март и соборувањето на владата Цветковиќ-Мачек.

Втората светска војна и априлската катастрофа на Југославија од 1941 година. Главните фази во НОБ. Ослободување на земјата од фашистичките окупатори и создавањето на ФНРЈ.

Карактерот и историското значење на Народната Револуција.

Воведувањето на работничка самоуправа во претпријатијата и фабриките.

Организацијата на власта и управата од втората половина на XIX век, 1862—1912 година, во Македонија.

Организацијата на власта и управата за времето од 1915 до 1918, од 1918—1941 година, од 1941—1944 година и од 1944 година до денес.

За звањето архивски помошник од II врста

1. АРХИВИСТИКА (ОПШТИ ПОИМИ, РАБОТА НА ЗАШТИТА, СРЕДУВАЊЕ И ОБРАБОТКА НА МАТЕРИЈАЛИ, КОРИСТЕЊЕ НА АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ, АРХИВСКИ ДЕПА И ЗГРАДИ, АРХИВ И РЕГИСТРАТУРА, РАБОТА ВО СТРУЧНА БИБЛИОТЕКА)

Архивската служба во Југославија и Македонија (историјатот). Архивската служба во однос на потребите на управата и историската наука. Општи поими за архивистиката и архивската служба.

Архива — значење и задачи. Организација на една архивска установа.

Превентивни мерки за заштита на архивските материјали. Микрофлора и микрофауна во архивите. Методи за конзервација и реставрација на архивските материјали. Книговезница во архивите и заштита по пат на микрофилмување.

Архивски материјал, архивски фонд и архивска збирка. Општи поими за архивските документи (архивски документ, вид форми на документи, структура, архивистика и проучувањето на документите).

Подготовки за средување и обработување на архивските материјали. Принципи на средувањето. Средување, обработка и шкартирање на архивски материјали. Принципи на средувањето на лични архиви и микрофилмови.

Начини за користење на архивските материјали. Издавање архивски материјали на истражувачите.

Архивска зграда, место, изглед и конструкција. Распоред на архивските депа. Работни простории.

Надзор и евиденција на архивските материјали во регистратурите.

Рокови за чување на архивските материјали во регистратурите.

Архивски документарни центри.

Надворешна служба и прием на архивски материјали од регистратурите.

Набавна политика на книги и други публикации и размена со странство.

Средување, обработување и заштита на книжниот фонд.

Работа во стручна библиотека.

Читална и надзор во читалната. Користење на архивските материјали во читалната.

2. ПРОПИСИ ЗА АРХИВИТЕ

Детално познавање на:

а) Републичките прописи за архивите и архивскиот материјал и

б) Сојузните прописи за архивите и архивскиот материјал.

Основно познавање на другите прописи што се однесуваат и на архивите и архивскиот материјал (Закон за заштита на спомениците на културата и др.).

3. ИСТОРИЈА НА НАРОДИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ВРСКА СО ФОНДОТ НА АРХИВСКИОТ МАТЕРИЈАЛ, ИСТОРИЈА НА XIX И XX ВЕК НА НАРОДИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА — СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ВЛАСТА И УПРАВАТА

Исто како и за звањето архивски помошник од III врста.

4. ОСНОВНО ПОЗНАВАЊЕ НА ЕДЕН СТРАНСКИ ЈАЗИК (ФРАНЦУСКИ, АНГЛИСКИ, РУСКИ, ГЕРМАНСКИ ИЛИ ИТАЛИЈАНСКИ) — ПО ИЗБОР НА КАНДИДАТОТ

Читање и превод на стручен текст. Прераскажување на прочитаниот текст.

XIV

Програмата на посебниот дел на стручниот испит за звањето архивист опфаќа:

1. АРХИВИСТИКА (ИСТОРИЈА НА АРХИВИТЕ, ТЕОРИЈА И ПРАКСА, КОНЗЕРВАЦИЈА, РЕСТАВРАЦИЈА И ПУБЛИКУВАЊЕ НА АРХИВСКИОТ МАТЕРИЈАЛ)

а) Архивската служба во светот, Југославија и Македонија (историјат). Библиографија на архивската литература. Историски извори за нашата национална историја во југословенските и странските архиви.

б) Архивистиката како помошна историска наука. Архивската служба во однос на потребите на управата и науката. Архива, музеј, библиотека, институт во однос спрема архивските материјали. Архивите во минатото и денес.

Организација на архивската служба во Југославија и посебно во Македонија. Специјализирани архиви. Архивско-документарни одделенија во претпријатијата. Организација на една архивска установа. Компетенциите на архивите во однос на надлежностите спрема архивските материјали. Архивски материјал, архивски фонд и архивска збирка. Општи поими за архивските документи (архивски документи, видови и форми на документи, структура на проучувањето на документите).

в) Надворешна служба на архивите. Надзор, чување и заштита на архивските материјали во регистратурите.

Евиденција на архивските збирки во научните установи и установите од областа на културата. Евиденција и откуп на приватните архиви. Шкартирање на архивски материјали во регистратурите.

Начини на преземање архивски материјали во архивите.

Видови евиденции на надворешната служба на архивите.

Истражувачка дејност на архивски материјали. Соработка со органите на управата во однос на регистратурите.

г) Средување и обработка на архивските материјали. Системи на средување и принципот на провиниенцијата. Подготовки за средување и обработка на архивските материјали. Организација и техника на средувањето и обработката на архивските материјали. Инвентарирање и видови инвентари. Научно информативни помагала (регести, каталози, водичи и картотека). Завршно формирање на досиеја на средените и обработени фондови и збирки.

д) Конзервација и реставрација. Физички и хемиски средства на материјата на која се пишувани документите. Микрофлора и микрофауна во архивите. Видови оштетувања на документите: фотохемиски (од светлост), атмосферски (од температура, влажност и прашина), биолошки (од инсекти и микроорганизми) и технолошки (од киселини и мастила). Превентивни мерки за заштита на архивските материјали. Методи и принципи за конзервација и реставрација на документите. Заштита по пат на микрофилмување на архивските материјали.

Архивска зграда. Внатрешен распоред на просториите. Основни нормативи за депоа. Ред, чистота и безбедност на зградата и депоата.

ѓ) Објавување на архивските материјали. Методи на издавање, подготовки, начин и техника на издавањето.

Правила за објавување на архивските материјали.

2. ПОМОШНИ ИСТОРИСКИ НАУКИ (ДИПЛОМАТИЈА, ПАЛЕОГРАФИЈА, СФРАГИСТИКА, ХРОНОЛОГИЈА, ГЕНЕОЛОГИЈА — ВО РАМКИТЕ НА АРХИВСКИОТ МАТЕРИЈАЛ ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКАТА)

а) Дипломатика

За повелбите воопшто. Категорисување на повелбите. Јавноправни и приватноправни повелби.

Изработување на повелбите и нивните форми. Материјалот и писмото на повелбите. Хронолошкиот критериум на повелбите. Структура, внатрешни знаци и надворешни знаци на повелбите. Назив на повелбите. Автентичност на повелбите. Чување на повелбите.

Царски и папски повелби. Повелби на установата со „јавна вера“ (Fides publica) во странство и југословенските земји. Царската и папската канцеларија. Владарските канцеларии кај јужните словени.

Анализа на повелбите. Примена на општите резултати од дипломатиката врз повелбите во јужнословенските краишта.

Општо за турската дипломатика. Називот на турските документи. Анализа на нивниот состав. Документи издавани од султанската канцеларија, од вишите чиновници при централната влада, од Бекчер беговите и пониските власти со карактеристичните особини на сите видови документи издадени од нив.

б) Палеографија

Значењето и основните задачи на палеографијата со оглед на нејзината употреба во архивските студии. Развитокот на писмото и азбуката. Грчко и латинско писмо. Општи елементи на епиграфиката.

Материјалот на кој се пишувало. Хартијата, водените знаци и формите на средновековните книги. Умножувањето, растурањето и чувањето на книгите. Скрипторија, библиотеки и архиви.

Историја и развиток на словенското писмо. Словенската азбука, потеклото и нејзините својства. Старословенската кирилица. Развитокот на кирилицата кај Јужните Словени. Уставно писмо. Полууставно и курзивно писмо.

Црквенословенската кирилица. Скратеници, дијалектолошки знаци, графички својства на ракописните и печатените книги, орнаментика. Тајнопис. Инкунабули.

Развитокот на грчкото писмо. Видови писма употребувани во папирусите. Уницијално и курзивно писмо. Ракописи пишувани на пергамент. Ракописи пишувани со уницијално писмо. Минускулно писмо (стари, средни и понови минускули). Скратеници — лигатури и сигли. Глоси и маргиналии.

Разни видови на османско-турски писма — несих, рика, дивани, талик и куфи, со посебен осврт на секое од нив. Абревиатури. Печатот и неговата употреба. Завиткување и експедиција на документите.

в) Сфрагистика

Појава на печатот и неговото значење во старо време. Материја и форми на печатите. Изработка на печатите. Начинот на печатирање. Хронолошките елементи на печатите. Уметничката вредност на печатите. Печат личен и печат на повелбите во јужнословенските земји. Опис на печатите.

г) Хронологија

Разни видови на пресметнување на времето. Јулијанска година. Грегоријански календар. Сончев циклус. Месечева старост. Велигденски циклус. Велигденски табли. Индикт. Епакта. Златен број. Пресметнување на средновековниот датум на современ начин. Календарот на француската револуција. Муслимански и еврејски календар.

д) Генеалогија

Типови генеалогии по основни стебла. Метод на составување. Генеалошки извори. Генеалошка критика. Помагала.

ѓ) Хералдика

Појава на грбовите. Структура на грбовите. „Велико доба“ на грбовите. Општа и национална хералдика. Уметничката страна на грбовите. Фалсификување на грбовите. Опис на грбовите.

3. ИСТОРИЈА НА НАРОДИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА НА XIX И XX ВЕК И ИСТОРИСКИ ИЗВОРИ

Првото и Второто српско востание и создавањето на кнежевина Србија под Милош Обреновиќ. Владеењето на Кнез Михајло.

Грчкото востание од 1821 година и создавањето на независната грчка држава од 1830 година.

Босанско-Херцеговското востание од 1875 година и Руско-Турската војна од 1877—1878 година.

Берлинскиот конгрес и прогласувањето на Србија и Црна Гора за независни држави.

Окупацијата на Босна и Херцеговина.

Формирањето на Бугарската држава во 1878 година.

Нараснување на градовите и градското население во Македонија во текот на XIX век. Засилување на занаетчиството и трговијата. Културата и просветата во ова време (отворање македонски градски училишта, зидање цркви, отворање печатници во Солун, појава на првите книги и учебници).

Борба на младата македонска буржоазија и интелигенција за отстранување на грчките владици од Македонија за враќање укинатата Охридска архиепископија и за воведување словенски јазик во црквите.

Создавањето на Бугарската егзархија 1870 година и нејзината организација. Ширењето на егзархиската црквена управа во Македонија (Скопје, Велес, Охрид, Струмица, Битола, Дебар, Неврокоп и други места). Преземање раководството на црквено-училишните општини и училиштата од страна на Бугарската егзархија и отпорот против ова.

Востаничкото вриење во Македонија од 1876 до 1881 год. (Разловечкото востание од 1876 година, Кресненското востание, Кумановското вриење од 1878—1879 година и Брсјачката буна 1880—1881 година).

Осиромашување на селските маси, опаѓање на занаетчиството и трговијата и масовно одење на печалба.

Создавање на трајната Македонска револуционерна организација во Солун 1893 година (подоцна наречена Внатрешна Македонска револуционерна организација или скратено ВМРО), нејзините цели, устројството на теренот и системот на работа.

Создавањето на македонска социјалистичка група 1893 година во Софија и нејзината пропаганда во Македонија.

Организирањето врховен комитет во Софија 1895 година и неговите стремежи за присоединување на Македонија кон Бугарија. Борбата меѓу централистите и врховистите.

Илинденското востание од 1903 година и неговиот карактер. Катастрофата на востанието и последиците. Засилувањето на вооружените соседни пропаганди.

Рилскиот конгрес на ВМРО во 1905 година.

Младотурската револуција (Хуриетот) од 1908 година, уредувањето парламентарен живот во Турција.

Создавањето први политички партии и организации во Македонија (Народна Федеративна партија; сојузи на конституциони бугарски, српски, грчки и влашки кругови; социјалистички организации).

Свикувањето на првата Балканска социјалистичка конференција во Белград и учеството на македонските социјалисти на неа.

Сојузот на балканските држави и неговите цели. Балканските војни од 1912—1913 година и учеството на Македонија. Тројната поделба на Македонија меѓу Србија, Бугарија и Грција — ново национално угнетување.

Заострување односите меѓу империјалистичките сили и избувнување на првата светска империјалистичка војна. Македонија како арена на борбите и нејзината окупација од Германците и Бугарите 1915—1918 година.

Влијание на Октомвриската револуција 1917 година на фронтовите. Завршувањето на војната и преговорите во Версај за склучување мир 1919 година. Повторна поделба на Македонија меѓу соседите.

Создавањето на државата СХС. Национални и класни спротивности во неа. Хегемонистичката политика на српската буржоазија. Формирање политички партии и нивните борби за власт до 1929 година.

Воведувањето на Шестојануарската диктатура. Поврзување на класата што владеала со фашистичкиот блок и пристапување кон Тројниот пакт. 27 март и соборување на владата Цветковиќ-Мачек.

Втората светска војна и априлската катастрофа на Југославија од 1941 година. Главните фази во НОБ. Ослободување на земјата од фашистичките окупатори и создавањето на ФНРЈ.

Карактерот и историското значење на Народната Револуција.

Воведувањето на работничка самоуправа во претпријатијата и фабриките.

Организацијата на власта и управата од втората половина на XIX век, 1862—1912 година, во Македонија.

Организацијата на власта и управата за времето од 1915 до 1918, од 1918—1941 година, од 1941—1944 година и од 1944 година до денес.

Историски извори, нивни видови, преглед на архивските извори (домашни и странски) за историјата на народите на Југославија, библиографски преглед на поважните печатени извори.

4. ПРОПИСИ ЗА АРХИВИТЕ

Детално познавање на:

а) Републичките прописи за архивите и архивскиот материјал и

б) Сојузните прописи за архивите и архивскиот материјал.

Основно познавање на другите прописи што се однесуваат и на архивите и архивскиот материјал (Законот за заштита на спомениците на културата и др.).

5. ЕДЕН СТРАНСКИ ЈАЗИК (ФРАНЦУСКИ, АНГЛИСКИ, РУСКИ, ГЕРМАНСКИ ИЛИ ИТАЛИЈАНСКИ) — ПО ИЗБОР НА КАНДИДАТОТ

Читање, превод и анализа на стручен текст. Конверзација.

Број 10-988/1
22 јуни 1963 година
Скопје

Секретар
на Советот за култура на НРМ,
Душко Поповски, с. р.

Оіласен дел

РЕГИСТРАЦИИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 23. VI. 1962 година, страна 207, ред. бр. 1, е запишана под фирма: Книгоиздателство за уметничка литература „Кочо Рацин" — Скопје — Продавница број 18, со седиште во Штип. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на канцелариски и школски прибор, учебници и литература, музички инструменти и прибор, учила и нагледни средства, фото-апарати и фото-материјали и обрасци.

Продавницата е основана од Книгоиздателството за уметничка литература „Кочо Рацин" од Скопје, а основањето е одобрено од Отсекот за стопанство при Одделението за стопанство, труд и комунални работи на Народниот одбор на општината Штип, одобрение бр. 05-2874 од 23. V. 1962 год.

Раководител на продавницата е Папаров Методи, којшто е овластен да ја потпишува.

Од Окружниот стопански суд во Штип, **Фи бр. 122/62.** **(921)**

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30. VI. 1962 година, рег. бр. 10/59, книга I, е запишан под фирма: Склад во Ресен на Претпријатието „Жито Македонија" — Филијала — Битола. Предмет на работењето на складот е: продажба на производи од жита (брашно, трици и др.), ориз и грав на мало и големо, откуп на жита, ориз и грав.

Складот е основан од „Жито Македонија" — Филијала во Битола, а согласно со одобрението од НО на општината Ресен, бр. 2319/1 од 18. VI. 1962 година.

Раководител на складот е Стрезовски Атанас, а ќе го потпишува лицето што е овластено да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 285/62. (1302)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 23. V. 1962 година, рег. бр. 15/62, книга I, е запишана под фирма: Работничка менза при Болницата за душевно болни во Демир Хисар. Предмет на работењето на мензата е: вршење на ресторанска дејност, што се состои во давање угостителски услуги — претежно топли јадења.

Мензата е основана од Болницата за душевно болни — Демир Хисар, а согласно со решението на НО на општината Демир Хисар, бр. 03-627/1 од 24. III. 1962 година.

Раководител на мензата е Рустевски Илија.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 246/62. (1293)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 30. V. 1962 година, ред. бр. 1, страна 97, е запишана под назив: Земјоделска задруга „Единство", со седиште во с. Робово, Пехчево. Предмет на работењето на задругата е: откуп на жива стока и земјоделски производи, кооперација, услуги со машински парк и воденица, обработка на сопствена земја и чување на матично стадо овци.

Задругата е основана по спојувањето на задругите: „Нов живот" од с. Робово и „Тодоричево" од с. Умлена, одобрено со решението на Народниот одбор на општината Пехчево, бр. 01-390/1 од 5. III. 1962 година, а правилата на задругата се одобрени со решението бр. 04-528/1 од 28-III-1962 година.

Задругата ќе ја потпишуваат Гошевски Д. Борис, в. д. управник, и Стојчевски Гаврилов Јован, книговодител.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 56/62. (1326)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на ден 22. V. 1962 година, рег. бр. 5/59, книга IV, е запишана под фирма: Продавница број 4 во Битола на Конфекциското претпријатие „Пелистер" од Ресен. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало, тешка и лесна конфекција од сопствено производство, како и куса и плетена стока за дополнување на асортиманот.

Продавницата е основана од Конфекциското претпријатие „Пелистер" од Ресен, а согласно со одобрението од НО на општината Битола, бр. 06-187 од 24. IV. 1962 година.

Раководител на продавницата е Миленковски Ристев Ѓорѓи, а ќе ја потпишува лицето што е овластено да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 243/62. (1289)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на страна 95, ред. бр. 6, е запишана под фирма: Продавница бр. 2 во Злетово, деловна единица на Земјоделската задруга „Бошко Петров" — Злетово. Предмет на работењето на продавницата е: откуп на селско-стопански производи од индивидуални производители.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Бошко Петров" — Злетово, а основањето е одобрено со решението на Народниот одбор на општината Пробиштип, бр. 05-42/19 од 30. V. 1962 година.

Раководител на деловната единица е Лазо Зафиров, којшто не е овластен да ја потпишува, а ќе ја потпишува управникот на задругата Славчо Димитров.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 110/62. (1327)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите, страна 96, ред. бр. 17, е запишан под фирма: Пекарски дуќан бр. 2 во Злетово на Земјоделската задруга „Бошко Петров" од Злетово. Предмет на работењето на дуќанот е: пекарска дејност.

Раководител на дуќанот е Љубе Донев, којшто не е овластен да го потпишува, а ќе го потпишува управникот на задругата Славко Димитрев.

Основањето на пекарскиот дуќан е запишано во регистарот врз основа на решението од Отсекот за стопанство на Народниот одбор на општината Пробиштип, бр. 05-42/23 од 15. VI. 1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 129/62. (1328)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите, страна 96, ред. бр. 18, е запишана под фирма: Содацилница бр. 5 во Злетово на Земјоделската задруга „Бошко Петров" — Злетово. Предмет на работењето на содацилницата е: изработка на сода-вода и други безалкохолни пијалоци.

Основањето на содацилницата е запишано во регистарот со решение на Отсекот за стопанство на Народниот одбор на општината Пробиштип, бр. 05-42/24 од 15. VI. 1962 година.

Раководител на дуќанот е Стеван Игнатов. Тој не е овластен да го потпишува дуќанот, а ќе го потпишува управникот на задругата Славко Димитров.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 132/62. (1329)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 419, страна 441, книга II, е запишана под фирма: Фабрика за меламин и меламински смоли во Кавадарци, во изградба. Предмет на работењето на фабриката е: производство на меламин и меламински смоли.

Фабриката е основана од Народниот одбор на општината Кавадарци, со решение бр. 09-9079 од 24. IX. 1962 година.

Фабриката ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Митре Т. Клинчаров, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 611/62. (1368)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 35, страна 137, е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Поток" од село Глумово — Продавница број 3 во село Сарај, Скопско. Предмет на работењето на продавницата е: промет и продажба на мешана индустриска стока на мало.

Продавницата е основана од Задружниот совет на Земјоделската задруга „Поток" од село Глумово, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Ѓорче Петров, бр. 03-3193/1 од 24. VIII. 1962 година.

Раководител на продавницата е Ѓорѓиев Станојков Петре.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 592/62. (1430)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 562, страна 159, е запишана под фирма: Претпријатие за промет со жито и преработки од жито на големо „Жито Македонија" — Скопје — Филијала во Титов Велес — Продавница број 2 во Титов Велес, ул. „Маршал Тито" бр. 4. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на леб, бурек, печиво, млеко и млечни производи, шкембе чорба, скара и безалкохолни пијалоци.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Претпријатието за промет со жито и преработки од жито на големо „Жито Македонија" — Скопје, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Титов Велес, бр. 4439 од 18. VII. 1962 година.

Раководител на продавницата е Стојанов Димче.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 510/62. (1432)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 562, страна 159, е запишана под фирма: Претпријатие за промет со жито и преработки од жито на големо „Жито Македонија" — Скопје — Филијала во Титов Велес — Продавница во Титов Велес. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на леб, бурек и печиво.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Претпријатието за промет со жито и преработки од жито на големо „Жито Македонија" — Скопје, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Титов Велес, бр. 03-7011/1 од 19. VII. 1962 година.

Раководител на продавницата е Бабунска Виолета.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 516/62. (1434)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 562, страна 159, е запишана под фирма: Претпријатие за промет со жито и преработки од жито на големо „Жито Македонија" — Скопје — Филијала во Титов Велес — Продавница бр. 1, ул. „I комуна" (Нова населба), Титов Велес. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на леб, бурек и печиво.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Претпријатието за промет со жито и преработки од жито на големо „Жито Македонија" — Скопје, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Титов Велес, бр. 7012 од 19. VII. 1962 година.

Раководител на продавницата е Ангелов Милан.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 513/62. (1433)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 562, страна 159, е запишан под фирма: Претпријатие за промет со жито и преработки од жито на големо „Жито Македонија" — Скопје — Филијала во Титов Велес — Склад во Неготино. Предмет на работењето на складот е: складирање на сите типови брашна, добиточна храна од индустриско потекло и други прехранбени артикли, како и нивната продажба на големо.

Складот е основан од Работничкиот совет на Претпријатието за промет со жито и преработки од жито на големо „Жито Македонија" — Скопје, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Неготино, бр. 04-2068/1 од 1. VIII. 1962 година.

Раководител на продавницата е Јордан Хаџиорданов.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 585/62. (1440)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 375, страна 999, е запишана под фирма: Хемиска индустрија „Пролетер" од Скопје — Работничко-службеничка менза — Скопје (во кругот на стопанската организација). Предмет на работењето на мензата е: давање угостителски услуги на работниците и службениците запослени во стопанската организација — исхрана на членовите на

работниот колектив, точење безалкохолни пијалоци, вклучувајќи само пиво.

Мензата е основана од Работничкиот совет на Хемиската индустрија „Пролетер" од Скопје, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Саат Кула, бр. 03/1-16014 од 8. X. 1962 година.

Раководител на мензата е Аргиров Наум.

Работничко-службеничката менза ќе ја претставува, задолжува и раздолжува, матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 655/62. (1443)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 562, страна 159, е запишана под фирма: Претпријатие за промет со жито и преработки од жито на големо „Жито Македонија" — Скопје — Филијала во Титов Велес — Продавница број 4 во Титов Велес, ул. „Маршал Тито" бр. 13. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на леб, бурек и печиво.

Продавницата е основана од Претпријатието за промет со жито и преработки од жито на големо „Жито Македонија" — Скопје.

Раководител на продавницата е Петрова Марика.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 515/62. (1450)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 562, страна 159, е запишана под фирма: Претпријатие за промет со жито и преработки од жито на големо „Жито Македонија" — Скопје — Филијала во Титов Велес — Продавница број 5 — Титов Велес. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на леб, бурек и печиво.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Претпријатието за промет со жито и преработки од жито на големо „Жито Македонија" — Скопје, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Титов Велес бр. 03-7009 од 19. VII. 1962 година.

Раководител на продавницата е Нешова Магда.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 514/62. (1451)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 562, страна 159, е запишана под фирма: Претпријатие за промет со жито и преработки од жито на големо „Жито Македонија" — Скопје — Филијала во Титов Велес — Продавница број 6 во Титов Велес, ул. „Димитар Влахов" бр. 88. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на леб, бурек и печиво.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Претпријатието за промет со жито и преработки од жито на големо „Жито Македонија" — Скопје, а согласно со решението број 7007 од 19. VII. 1962 година.

Раководител на продавницата е Бачманов Панчо.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 509/62. (1452)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 562, страна 159, е запишана под фирма: Претпријатие за промет со жито и преработки од жито на големо „Жито Македонија" — Скопје — Филијала во Титов Велес — Продавница број 6 во Титов Велес (кај стариот мост). Предмет на работењето на продавницата е: продажба на леб, бурек и печива.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Претпријатието за промет со жито и преработки од жито на големо „Жито Македонија" — Скопје, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Титов Велес под бр. 03-7008/1 од 19. VII. 1962 година.

Раководител на продавницата е Мазнев Киро.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 511/62. (1453)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, ред. бр. 2, страна 281, е запишана под фирма: Продавница во село Банско на Оранжеријата за ран зеленчук „Банско" — Банско. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на овошје и зеленчук.

Продавницата е запишана во регистарот на основа решението на Одделението за стопанство и финансии на Народниот одбор на општината Струмица бр. 03-3220/1 од 30. V. 1962 година.

Раководител на продавницата е Киро Трајков, којшто не е овластен да ја потпишува, а ќе ја потпишува директорот на Оранжеријата Михајлов Коста.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 125/62. (1342)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 562, страна 159, е запишана под фирма: Претпријатие за промет со жито и преработки од жито на големо „Жито Македонија" — Скопје — Филијала во Титов Велес — Продавница во Титов Велес, ул. „Димитар Влахов" бр. 34. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на леб, бурек и печиво.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Претпријатието за промет со жито и пре-

работки од жито на големо „Жито Македонија" — Скопје, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Титов Велес под бр. 7006 од 19-VII-1962 година.

Раководител на продавницата е Јанев Ангел.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето матичното претпријатие.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 512/62. (1454)

